ГОРДИЕВИОТ ЈАЗОЛ

на штетните наративи во политиката и во медиумите

Институт за комуникациски студии

respublica

DOI: 10.64370/SAWP5691

Наслов на публикацијата:
Гордиевиот јазол на штетните наративи во политиката и во медиумите

Издавач:
Институт за комуникациски студии
ул. „Јурij Гагарин“ 17-1-1, Скопје
www.iks.edu.mk

За издавачот:
вон. проф. д-р Жанета Трајкоска

Едиција:
ResPublica

Автори:
м-р Михајло Лахтов, м-р Билјана Радева, вон. проф. д-р Жанета Трајкоска

Уредници:
вон. проф. д-р Жанета Трајкоска, м-р Михајло Лахтов

Рецензенти:
проф. д-р Весна Шопар, д-р Драган Секуловски, Владимир Николовски, Александра Теменугова

Јазична редакција:
проф. д-р Симона Груевска-Маџоска

Графички дизајн:
Ивана Темелкоска

Техничко уредување:
Дејан Јовески

Година:
2025

Место:
Скопје

Оваа публикација е изработена во соработка со Здружението на новинарите на Македонија

ЗНМ
Здружение на новинарите на Македонија

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.776.23:32-05(497.7)(036)
81'27'42:32-05(497.7)(036)
316.774:[316.776.23:32(497.7)(036)
316.774:[81'27:32(497.7)(036)
316.77:32(497.7)(036)

ЛАХТОВ, Михајло
Гордиевиот јазол на штетните наративи во политиката и во медиумите [Електронски извор] / [автори Михајло Лахтов, Билјана Радева, Жанета Трајкоска]. - Скопје : Институт за комуникациски студии, 2025. - (Едиција ResPublica)

Начин на пристапување (URL):
https://respublica.edu.mk/wp-content/uploads/2025/04/gordieviot-jazol-na-shtetnite-narativi-vo-politikata-i-vo-mediumite.pdf/.
- Текст во PDF формат, содржи 82 стр. - Наслов преземен од екранот. -
Опис на изворот на ден 08.04.2025. - Фусноти кон текстот. -
Библиографија: стр. 78-80

ISBN 978-608-4805-55-7

1. Радева, Билјана [автор] 2. Трајкоска, Жанета [автор] [уредник]
а) Политичари -- Штетни наративи -- Македонија -- Водичи б) Медиумско известување -- Штетни политички наративи -- Македонија -- Водичи в) Политичка комуникација -- Препораки -- Македонија -- Водичи

COBISS.MK-ID 65646341

Содржина

ЗА ВОДИЧОТ 5

ВОВЕД 7

ШТЕТНИТЕ НАРАТИВИ ВО МАКЕДОНСКИОТ ПОЛИТИЧКИ ДИСКУРС 9

Карактеристики на штетните политички наративи 9

Типови штетни наративи 13

1. Дезинформации 13

2. Злонамерни информации 16

3. Поткопување на довербата во институциите и во медиумите (без докази) 18

4. Пристрасно селектирање 21

5. Теории на заговор 24

6. Напади на лична основа и/или демонизација на противниците 27

7. Неосновани обвинувања за странско влијание 30

8. Поттикнување поделби 33

9. Сексизам 36

10. Ксенофобија (страв од странци/туѓинци) 37

11. Етноцентризам 38

12. Говор на омраза и/или дискриминациски говор 42

13. Манипулативна визуелна медиумска содржина (МВМС) 45

14. Ширење паника, страв и несигурност 47

15. Поттикнување екстремен патриотизам и национализам 50

16. Популизам 53

СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ 59
Нарушувања на етичките стандарди на политичката комуникација. 59
Нарушување на начелото за комуникација во поддршка на јавниот интерес 60
Ширење дезинформации и селективни информации во јавноста. 60
Навредлив говор, напади на личноста и демонизирање на политичките противници во јавноста 61
Користење популистички говор во јавната комуникација 61
Ширење говор на омраза и дискриминациски говор 61
Нарушување на новинарските професионални стандарди 63
Некритичко пренесување на обвинувања и нецелосни и непотврдени информации. 63
Некритичко пренесување изјави со коишто се шири паника и страв и се поткопува довербата во институциите 64
Екстремно тенденциозен дискурс и нагласено непочитување на професионалните стандарди. 65
Употреба на неприкладен речник, навреди и демонизација на политичките противници . . 66
ПРЕПОРАКИ ЗА ПОЛИТИЧКИТЕ АКТЕРИ 67
ПРЕПОРАКИ ЗА МЕДИУМИТЕ И ЗА НОВИНАРИТЕ. 73

ЗА ВОДИЧОТ

Водичот *Гордиевиот јазол на штетните наративи во политиката и во медиумите* е финале на големото истражување „Мерење на политичките штетни наративи“ (ШТЕТ-НА)[1], спроведено од Институтот за комуникациски студии (ИКС) во соработка со голем број истражувачи и експерти од областа на комуникациите и на медиумите, новинари и медиумски професионалци, а со поддршка од Британската амбасада во Скопје.

Во период од девет месеци, од септември 2023 година до мај 2024 година, се следеа наративите на политичките актери во Република Северна Македонија. Во мониторингот беа опфатени објавите на официјалните интернет-страници и фејсбук-профилите на десет парламентарни политички партии, нивните лидери, како и министрите во тогашната/актуелната Влада. Дополнително, се анализираа текстови објавени на единаесет информативни онлајн медиуми и вестите во централните информативни емисии на девет телевизиски станици[2].

Изборот на овој период не беше случаен, туку внимателно избран поради одржувањето на претседателските и на парламентарните избори. Предизборните периоди нудат јасна слика за политичката култура и начинот на кој се развива политичкиот дискурс во едно општество. Овој временски контекст овозможи и анализа на медиумското известување и улогата на медиумите во формирање на јавното мислење пред и за време на изборите.

Темата е од особено значење, особено во контекст на глобалните трендови на зголемена употреба на манипулативна и дезинформациска реторика. Недостигот од истражувања во оваа област создава сериозна празнина во разбирањето на еволуцијата на политичкиот дискурс и начинот на кој политичките актери ги користат медиумите да влијаат врз јавното мислење и врз политичките процеси, со посебен акцент на штетните последици од таквите практики.

Овој Водич има цел да ги претстави и објасни штетните наративи во македонскиот политички дискурс, користејќи различни студии на случај кои беа детектирани за време на деветмесечниот мониторинг. Во водичот детално се анализираат вкупно шеснаесет политички штетни наративи осврнувајќи се и на последиците кои ги оставаат, сублимирајќи ги согледувањата за прекршување на стандардите и начелата на политичката комуникација и медиумското известување и истовремено нудејќи препораки наменети за политичките актери и за новинарите.

Дополнително, Водичот има цел и да ја подигне свеста кај јавноста и да ја истакне важноста на транспарентната и одговорна политичка комуникација, почитувањето на политичките соперници и различните мислења, како и негувањето култура на дебата заснована на

[1] https://respublica.edu.mk/istrazhuvanje-shtetna/

[2] За повеќе информации за методологијата: https://respublica.edu.mk/istrazhuvanje-shtetna/metodologija/

аргументи. Се надеваме дека ќе биде корисна едукативна алатка во рацете на политичарите, новинарите, истражувачите, студентите и сите заинтересирани за оваа тема, но и ќе поттикне и позитивна промена во начинот на развивање на јавниот дискурс во иднина.

Не случајно, во изработката на оваа публикација соработувавме и со Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ). Оттаму добивме поддршка во рецензијата на публикацијата, но и во организацијата на три фокусни групи со уредниците на националните и локалните електронски и онлајн медиуми за да можеме изворно да ги слушнеме нивните размислувања на темата.

Искажуваме голема благодарност до тимот вклучен во проектот: сите истражувачи, експерти во областа на комуникациите и медиумите, политиколози, новинари, психолози и лингвисти, кои професионално и посветено работеа на следење на медиумите, собирање податоци и анализа. Нивната работа придонесе за создавање значајни научни материјали поврзани со оваа тема.

На крај, посебна благодарност упатуваме до тимот на Британската амбасада во Скопје, кој ја препозна важноста на ова истражување и потребата од континуирано инвестирање во транспарентноста и отчетноста како алатки за унапредување на демократскиот развој во РС Македонија.

ВОВЕД

Нарацијата, во различни форми е присутна во сите сегменти на човековиот живот, од пишани текстови, усни разговори и приказни, филмови, музика, па сè до известувањето на медиумите и дискурсот кој се користи во политичката комуникација. Во поширока смисла, наративите се начини на кои ги разбираме и ги споделуваме нашите искуства. Тие можат да бидат лични приказни, културни митови или пораки создадени од медиумите кои го обликуваат нашето разбирање на светот: „Ние сонуваме во наративи, размислуваме во наративи, се надеваме, веруваме, се сомневаме, планираме, анализираме, критикуваме, конструираме, озборуваме, учиме, мразиме и љубиме во наративи.“[3]

Наративите кои се пренесувани од медиумите до широката публика, влијаат врз општествените норми, верувања и перцепции. На пример, начинот на кој медиумите го креираат и го шират наративот за климатските промени и заштитата на животната средина влијае на тоа како општеството ќе гледа на овој проблем и колку ќе се залага за подобрување на ситуацијата.

Политичкиот дискурс, исто така, се базира на наративни форми. Политичарите, медиумите, но и различни групи во општеството користат политички наративи со цел да го обликуваат јавното мислење, да влијаат врз политиките и да постигнат различни политички цели. Тие често ги поедноставуваат сложените политички реалности во едноставни приказни, со херои, негативци, конфликти и решенија кои допираат до емоциите и вредностите на јавноста. На тој начин, комплексните ситуации ги симплифицираат во след од настани кои се многу поразбирливи за луѓето. Таа карактеристика на политичките наративи, да ги презентираат политичките идеологии и агенди на начин што е познат и лесно разбирлив, ги прави многу моќна алатка за убедување. На пример, наративите поврзани со националниот идентитет, правдата, корупцијата, економскиот развој и слично, редовно се среќаваат во говорите и кампањите на политичките актери, а целта им е да се добие поддршка од гласачите или да се дискредитираат противниците. Во ширењето на ваквите наративи им помагаат медиумите кои ги занемаруваат воспоставените стандарди за професионално известување. Во тој процес, сè почесто се забележува користењето и на т.н. **штетни наративи**, кои намерно искривуваат информации или манипулираат со емоциите на граѓаните, поттикнувајќи страв, поделби или омраза.

Штетните политички наративи се однесуваат на стории/приказни, идеи или пораки промовирани од поединци, групи или политички субјекти кои имаат негативни последици за општеството, демократијата или благосостојбата на поединците. Овие наративи можат

[3] Hardy, B. (1968). Towards a poetics of fiction: An approach through narrative. Novel: A Forum on Fiction, 2(1), 5–14.

да манипулираат со јавното мислење, да сеат поделеност и да ги поткопаат принципите на информирано, рационално и критичко одлучување во политичката сфера[4]. Тие неретко се засновани на дискриминација, стереотипи или реторика што го поларизира општеството. Често имаат потенцијал да ја разурнат довербата во институциите, да ги продлабочат општествените конфликти и политичката дебата да ја сведат на манипулативни стратегии, наместо на рационални аргументи и конструктивен дијалог.

Особено во периодот пред избори, штетните наративи кои ги генерираат политичките актери имаат значителен потенцијал да влијаат врз општествената клима и јавното мислење. Овие наративи најчесто се насочени кон дискредитација на противниците, манипулација со емоциите на јавноста која доведува до поларизација на гласачите. Политичките актери свесно користат наративи кои го нагласуваат стравот, несигурноста и поделбите, со цел да ги мобилизираат своите поддржувачи или да ги оцрнат противниците.

Комуникацијата не е само алатка за убедување туку е одраз на лидерскиот капацитет на политичарите. Изразите кои ги користат, наративите кои ги шират во јавната сфера се одраз на нивните политики и заложби за тоа какво општество сакаат да градат за граѓаните и како работат во нивно име врз основа на довербата што им се дава. Политичарите треба да бидат свесни дека со нивниот јавно искажан збор можат да обединат или да поделат, односно да овозможат формирање консензус или да поттикнат поларизација за суштинските прашања кои се во интерес на граѓаните. Политичката реторика која се служи со оцрнување и ширење поделби ја загрозува социјалната кохезија, додека одговорната реторика создава мост меѓу заедниците и креира инклузивен дијалог во општеството.

Медиумите играат клучна улога во пренесувањето на овие наративи. За жал, има примери во кои тие служат како платформа за политичарите да ги шират своите пораки, често без доволна анализа и критичко преиспитување. Уште повеќе што, дел од медиумите, наместо да се фокусираат на содржината и веродостојноста на политичките наративи, тие го нагласуваат сензационализмот, што дополнително ги засилува поделбите и ја поттикнува негативната политичка клима. Ова е посебно изразено во услови на платена политичка програма во медиумите, пред избори.

Во периодот пред избори, медиумите понекогаш се во улога на трансмитери на штетни наративи и наместо да ја играат улогата на коректив и проверувачи на факти, тие понекогаш придонесуваат кон создавање на искривена слика за политичката реалност, што може значително да го наруши демократскиот процес и информираноста на јавноста. Тоа ја прави јавноста повеќе подложна на манипулација и го ослабнува капацитетот за критичко размислување во периоди кога е тоа најпотребно.

[4] Институт за комуникациски студии. (2024). Мерење на политички штетни наративи (ШТЕТ-НА) – Прв извештај. Жанета Трајкоска (ур.). Скопје: Институт за комуникациски студии. Преземено од https://respublica.edu.mk/wp-content/uploads/2024/01/shtet-na_prv-izveshtaj-celosna-verzija.pdf

ШТЕТНИТЕ НАРАТИВИ ВО МАКЕДОНСКИОТ ПОЛИТИЧКИ ДИСКУРС

Во општества кои се длабоко поларизирани по различни основи, штетните политички наративи може сериозно да ги поткопаат демократските процеси и довербата на јавноста. Дополнително, тие креираат долготрајни последици врз политичката култура, начинот на кој се формира и се развива јавниот дискурс, како и врз односите меѓу граѓаните и институциите. Постепеното прифаќање на штетните наративи во политиката остава трага врз демократските процеси и ги нормализира навредите, нетолеранцијата, говорот на омраза, лагите, манипулациите и злонамерните информации.

Истражувањето „Мерење на политички штетни наративи“ (ШТЕТ-НА) што го спроведе Институтот за комуникациски студии (ИКС), имаше цел да ги препознае и именува штетните политички наративи во јавната политичка комуникација на политичките партии и на политичарите во РС Македонија, како и начинот на медиумското известување за нив, односно начинот на нивното пренесување и ширење. Главниот заклучок кој се наметнува по деветмесечното следење е дека штетните наративи се многу често вклучени во политичката комуникација на политичките партии и нивните лидери.

При анализата на објавите на **политичките партии** на нивните интернет- и фејсбук-страници**,** истражувачите во 5.062-те анализирани објави регистрирале дури **1.104 со штетни наративи.** Тоа значи дека секоја петта објава на политичките партии (21,81 %) содржела штетен наратив.

Објави на политички партии на нивните интернет и фејсбук-страници

Дополнително, анализата на комуникацијата на **лидерите на политичките партии на социјалните мрежи** покажа дека во вкупно **621 објава** се забележани **155 објави** во кои имало штетни наративи, што е една четвртина или **24,96 %**.

Анализа на комуникацијата на лидерите на политичките партии на социјалните мрежи

Анализата на прилозите објавени во централните информативни емисии на ТВ-станиците и онлајн медиумите исто така покажа сериозно присуство на штетни политички наративи. Ова е особено алармантно кај онлајн медиумите кај кои за време на деветмесечниот мониторинг беа регистрирани вкупно 1.908 објави со штетни наративи, за разлика од ТВ-станиците каде за истиот период беа забележани 669 вакви прилози. Ваквата сериозна разлика меѓу ТВ-станиците и онлајн медиумите ја покажува ситуацијата во онлајн новинарството, каде поради недостаток на сериозни уредувачки филтри и јасни законски рамки поминуваат речиси сите штетни наративи кои политичките актери ги произведуваат и ги шират.

И кај ТВ-станиците (77 %) и кај онлајн медиумите (84 %) најчесто креатор на штетните наративи биле политичките актери, додека улогата на медиумот била да ги пренесе, најчесто без никакво мешање, а поретко со одобрување или спротивставување. Иако охрабрува фактот дека новинарите и медиумите не биле ангажирани во креирање на штетни наративи, сепак непостоењето на здрави филтри, преку кои ќе се детектираат штетните политички наративи, претставува сериозен проблем кој мора да се адресира.

КАРАКТЕРИСТИКИ НА ШТЕТНИТЕ ПОЛИТИЧКИ НАРАТИВИ

Штетните политички наративи се комуникациска алатка преку која политичките актери манипулираат со јавноста и со јавното мислење, сеат поделеност и ги поткопуваат принципите на информирано, рационално и критичко одлучување на граѓаните. Тие можат да ја искриват реалноста, да создадат страв или омраза и да ги поткопаат демократските вредности преку промовирање на поделби, дискриминација или авторитаризам. Кои се главните карактеристики присутни кај штетните наративи?

Ширење дезинформации и лаги

Штетните политички наративи мошне често се потпираат на невистинити или на полувистинити информации за да создадат конфузија или да протуркаат некоја политичка агенда. Ваквите наративи имаат цел да влијаат врз јавното мислење и да ја обликуваат перцепцијата на граѓаните за одредена тема преку манипулација и неискреност. Политичките актери кои ги лажат своите граѓани се оддалечуваат од вистинските демократски вредности, затоа што со лагите им го ускратува правото да носат информирани одлуки и да гласаат слободно.

Поделби и поларизација

Една од најопасните карактеристики на штетните политички наративи е нивната способност да ги поделат општествата. Овие наративи постојано ги потенцираат разликите, како што се религијата, етничката припадност, родовиот идентитет и сексуалната ориентација, социјалниот статус и слично, но и политичката афилијација, „црвени“, „сини“, „десни“, „леви“, постојано креирајќи атмосфера на „ние против нив“ или уште поконкретно, „ние – добрите наспроти тие – лошите“. Честото практикување на ваков тип јавна политичка комуникација може да доведе и до големи општествени поделби, а понекогаш и до екстремизам и насилство.

Обвинувања и барање виновници

Штетните политички наративи често се фокусираат на обвинување на политичките противници, но и на различни малцински групи/немнозински заедници за проблемите во општеството. Ваквите обвинувања без никакви докази поттикнуваат дискриминациски политики и однесување, но исто така ѝ штетат на аргументираната и демократска дебата за теми кои се важни во едно општество.

Сеење страв

Креирање атмосфера на страв и прикажувањето на реалноста преку закани (пропаст на економијата, националните интереси, скршнување од вистинскиот пат и сл.) се уште една специфика на штетните политички наративи. Вака креираните политички наративи создаваат несигурност и анксиозност и влијаат на граѓаните да прифаќаат ставови и мерки со кои не се согласуваат, само поради стравот дека може да биде полошо.

Поткопување на довербата во институциите

Штетните политички наративи исто така влијаат на поткопување на јавната доверба. Преку ширење на теории на заговор или неаргументирано претставување на овие институции како корумпирани, непрофесионални или неефективни, штетните политички наративи ја ослабуваат демократијата и создаваат цинизам кај јавноста, која губи доверба во целиот систем. Притоа, неаргументираните политички критики кон институциите не треба да се мешаат со следењето, анализата и критиките на институциите од страна на медиумите и граѓанскиот сектор, кои впрочем и имаат улога да бидат куче чувар на демократијата и на демократските процеси.

Засилување на стереотипите

На крајот, уште една важна карактеристика на штетните политички наративи е засилување на негативните стереотипи кон одредени групи во општеството. Преку постојаното повторување на овие стереотипи, но и симплификација на сериозните проблеми и давање инстант решенија кои вклучуваат генерализирање и обвинувања на цели групи, штетните политички наративи ја оправдуваат нееднаквоста и ја одржуваат дискриминацијата во општеството.

ТИПОВИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

Тргнувајќи од клучните карактеристики на штетните наративи, како и од теоријата и од меѓународните истражувања на оваа тема, дефинирани се 16 штетни политички наративи операционализирани и анализирани во јавниот комуникациски простор во државата[5].

За секој штетен наратив следи негово објаснување, истакнување на неговите најважни карактеристики, како се развива и шири во македонски контекст, особено во специфичен предизборен период, како и последиците кои може да/ги нанесува на демократијата и на демократските процеси.

1. ДЕЗИНФОРМАЦИИ

Дезинформации *се информации или тврдења што не се вистинити, чија намера е да се предизвика штета или да се манипулира јавното мислење.*[6]

Повеќе теоретичари низ историјата посветувале големо влијание на улогата и на влијанието на лагите и на дезинформациите во општеството, односно нивната употреба во политички контекст. Дел од нив ја осудувале ваквата практика, а некои ја оправдувале.

Николо Макијавели сметал дека иако е пожелно да се биде искрен, треба да се лаже ако тоа е исплатливо за поединецот или за државата. Луѓето кои се дел од политиката, вели Макијавели, мора да бидат подготвени да лажат и да манипулираат ако тоа е во нивна корист. Според него, луѓето во суштина се зли и неискрени, па поради тоа ниту ние немаме должност да бидеме искрени спрема нив.[7]

Спротивно, Еманuел Кант сметал дека на лажењето не му е место никаде, па ниту во политиката. Апсолутната забрана на лажењето треба подеднакво да важи и за активниот политичар, како што важи за обичниот граѓанин, без разлика што во политиката влоговите се многу повисоки. Користејќи лаги, еден политичар покажува дека ги гледа и ги користи луѓето како предмети, како начин да стигне до сопствената цел. На тој начин покажува дека не го почитува достоинството на своите гласачи и не го почитува нивното право да го обликуваат својот живот.[8]

Оној кој ги лаже другите се обидува да ги наведе дека стварноста е поинаква отколку што навистина е. Оваа премиса е особено важна во политички контекст, затоа што на тој начин политичките актери се обидуваат да воспостават моќ, со тоа што би ја обликувале волјата на граѓаните со помош на лаги според сопствените желби, а не според објективната стварност. Ако вистината е моќ, прикривањето на вистината ги лишува луѓето од моќта. На тој начин целата моќ се префрла од оние кои се излажани, на оној кој лаже.[9]

За жал, лагите во модерната политика воопшто не е лесно да се идентификуваат и да се препознаат. За разлика од Наполеон кој ја фалсификувал вистината при секоја можност, денешните политичари се трудат да бидат прецизни кога се работи за фактите, затоа што тие може да бидат проверени во секое време. Неискреноста може да се препознае во

[5] За повеќе информации за методологијата: https://respublica.edu.mk/istrazhuvanje-shtetna/metodologija/

[6] Wardle, C., & Derakhshan, H. (2017). Information Disorder: Toward an interdisciplinary framework for research and policymaking. Council of Europe Report.

[7] Machiavelli, N. (2005). The prince (P. Bondanella, Trans.). Oxford University Press.

[8] Kant, I. (1993). The metaphysics of morals. Izdavačka knižarnica Zorana Stojanovića, s. 429.

[9] Svensen, L. H. (2024). Filozofija laži. Geopolitika, s. 47–48.

начинот на кој тие ги презентираат фактите, но и во намерите, односно ветувањата коишто ги даваат за тоа што ќе направат ако ја добијат довербата на граѓаните.

Во истражувањето „Мерење на политички штетни наративи“ (ШТЕТ-НА) многу често беа регистрирани паушални обвинувања кон политичкиот противник без докази и никакви аргументи. Иако, најчесто овие случаи беа во некоја „сива зона“ и не беше лесно да се категоризираат, сепак начинот на кој политичките актери ги генерализираат работите, обвинуваат без докази и ја презентираат реалноста на начин на кој им одговара, ги сместува во категоријата дезинформации.

Во октомври 2023 година, Владата на премиерот Димитар Ковачевски објави дека данокот за додадена вредност (ДДВ) на одредени производи од 5 % ќе се зголеми на 10 %. Неговото објаснување беше дека РС Македонија има најнизок ДДВ во регионот, а во одлуката учествувале Министерството за финансии, експерти, претставници од академската фела и стопанските комори.

Одлуката за повисоко ДДВ беше критикувана од опозицијата, особено од најголемата опозициска партија ВМРО-ДПМНЕ, според која во „државниот буџет недостасуваат пари, зашто тие биле потрошени на сомнителни тендери и криминал“.

...Граѓаните треба да се свесни дека секој еден денар што го плаќаат повеќе за производите коишто до вчера ги плаќале поевтино, директно се пари за тендери во четири очи на Владата на ДУИ и СДСМ и се директно пари коишто ги плаќаат на овие луѓе коишто се дел од коалицијата ДУИ и СДСМ.
(Република, 7 октомври, 2023, ЛИНК).

Ваквите изјави дека парите се потрошени за криминални тендери кои се доделувале во четири очи тешко можат да се проверат, а тие имаат цел да ги дискредитираат политичките опоненти. Генерализациите и обвинувањата без никакви докази ја дезинформираат јавноста и влијаат врз креирање на слика за општествените случувања која не е се потпира на факти и точни информации.

Изјавата ја објавија повеќе медиуми затоа што беше дадена на јавен настан (дел од посетата на Велес по повод кампањата на ВМРО-ДПМНЕ „Важно е! Од тебе зависат промените“), но тоа што е специфично за текстот објавен на онлајн медиумот Република е дека воопшто не е претставена втората страна, односно изјавата на тогашниот премиер Ковачевски, кој ја брани и ја образложува одлуката.

Освен ваквите паушални обвинувања кои беа мошне често дел од предизборниот дискурс на речиси сите политички партии, се издвојуваа и изјави во кои политичките актери изнесуваа неточни и/или полуточни информации, кои лесно можеа да се проверат.

При отворањето на фотонапонската централа во Новаци во септември 2023 година, неколку медиуми ги пренесоа изјавите на премиерот Димитар Ковачевски и на министерот за економија Крешник Бектеши дека во Новаци е „пуштена во употреба најголемата фотоволтаична централа на Балканот“ и дека „сончевата инсолација во нашата земја е најдобра во однос на сите држави во светот.“

Убеден сум дека оваа фотоволтаична централа ќе дава за 20 до 25 отсто повеќе од предвидениот капацитет од 85.000 мегават часови, зашто сончевата инсолација во нашата земја е најдобра во однос на сите држави во светот", рече премиерот Димитар Ковачевски на отворањето на централата.
(МТВ 2, 29 септември 2023 г.).

Фактите кои ги презентираа владините претставници можеа многу лесно да се проверат, а се покажа дека ФЕЦ Новаци не е најголема соларна централа на Балканот (постојат многу поголеми во Грција и во Бугарија[10]), ниту пак сончевата инсолација во РС Македонија е најдобра во однос на сите држави во светот.[11]

Политичарите се внимателни кога се работи за фактите и не премногу често кажуваат неточни работи кои многу лесно може да се проверат, како што е случајот со ФЕЦ Новаци. Побројни се изјавите со непроверени наоди, но и наоди кои тешко може да се проверат и потврдат, а служат да се оцрни политички опонент и неговите политики.

Зборувајќи за дезинформациите и лажните вести, не смее да се занемари ниту тенденцијата кај голем број политички актери, кои ги користат овие термини да се спротивстават на одредени обвинувања или информации. Притоа, наместо со аргументи, тие обично се служат со дисквалификација, од типот, „тоа не е точно, тоа се лажни вести."

Пример е реториката на тогашната министерка и висока партиска функционерка на СДСМ, Бисера Костадиновска-Стојчевска која тврди дека ВМРО-ДПМНЕ се занимава со изработка на лажни анкети и лажни вести. На страницата е објавена црно-бела слика од грбот на партијата ВРМО-ДПМНЕ на која е испишано „Штаб за лажни вести и лажни анкети".

Според неа ВМРО-ДПМНЕ има цел оперативен систем за дистрибуција и објава на лажни анкети и лажни вести со што сериозно се загрозува изборниот процес. Таа ги повикува граѓаните да не веруваат во ништо што излегува од „Белата палата"[12] затоа што пропагандата на ВМРО-ДПМНЕ потсетува на мрачно минато во кое нема европска иднина и слобода за граѓаните.

Европската Унија го посочи Христијан Мицкоски како извор на дезинформации. Денеска се потврди дека ВМРО ДПМНЕ има цел оперативен систем за дистрибуција и објава на лажни анкети и лажни вести со што сериозно се загрозува изборниот процес.
(фејсбук-страница на Бисера Костадиновска-Стојчевска, 3 април 2024, ЛИНК)

[10] За најголема во моментот се смета таа во Априлци, Бугарија, со инсталирани 834.000 соларни панели со капацитет од 400 MW

[11] Извор: www.balkangreenenergynews.com

[12] Се мисли на седиштето на партијата ВМРО-ДПМНЕ (н.з.).

Постоењето систем кој произведува и дистрибуира лажни анкети и лажни вести е мошне сериозно обвинување и без разлика што СДСМ презентираше документи, никогаш немаше истрага од Јавното обвинителство по јавно допрен глас, ниту пак е познато во јавноста дека СДСМ ги поднесе документите како предмет до Обвинителството. На тој начин ваквите обвинувања остануваат само алатка за меѓусебна политичка пресметка и собирање политички поени. Од друга страна, тврдењето дека Европската Унија го посочила претседателот на ВМРО-ДПМНЕ како извор на дезинформации е тешко обвинување за кое не се понудени докази (ЕУ-извештај или изјава во која има таков наод).

Непоткрепените, неточни и полуточни обвинувања, но и дисквалификацијата на политичките опоненти, со одговорот дека обвинувањата се лажни вести, придонесуваат за исчезнување на дијалогот во општеството во кое не е присутна дебата со аргументирани ставови и гледишта, туку само паушални обвинувања и генерализации.

Исто така, и паушалните обвинувања и непотврдените тврдења кои тешко се проверуваат се подеднакво опасни бидејќи фрлаат сомнеж врз легитимните институции, личности или процеси, без да има конкретни докази за тоа. На пример, тврдењата за заговори, финансиски измами или злоупотреби на политичари и јавни личности често се базираат на спекулации и ретко се поддржани со докази.

Ваквите паушални обвинувања имаат силно влијание, бидејќи ги користат нашите емоции и когнитивни пристрасности. Кога некое тврдење е тешко да се провери или да се демантира, луѓето остануваат несигурни и често претпочитаат да веруваат во она што најдобро го потврдува нивното веќе формирано мислење. Ова ги прави дезинформациите посебно моќни во политички контексти, каде противниците се претставуваат како корумпирани или нелегитимни, а јавноста останува без јасна слика за вистината.

2. ЗЛОНАМЕРНИ ИНФОРМАЦИИ

Злонамерните информации *(анг. Malinformation) се вистинити информации, но имаат цел да наштетат некому, на личност, на организација или на држава. Тоа се лични или доверливи информации чиешто ширење треба да засрами или да понижи некого, да го разоткрие пред јавноста или да го изложи на насилство (на пример, јавно откривање нечија адреса, место на работа или телефонски број), а понекогаш да предизвика и страв или паника*[13].

Наспроти неточните информации (анг. Misinformation), кои се невистинити, но без намера да предизвикаат штета и дезинформациите (анг. Disinformation), кои се невистинити и имаат намера да предизвикаат штета, злонамерните информации вклучуваат селективна употреба на точни и вистинити информации со цел да предизвикаат штета на поединци или да манипулираат со јавноста. Тоа ги прави особено опасни, бидејќи злоупотребуваат реални податоци или настани за да служат на злонамерни агенди.

Во политички контекст, неретко гледаме злоупотреба на приватни информации, како и селективни вистини за политичките опоненти (на пример, обелоденување настан од минатото без да се објасни целиот контекст), при што намерата е да се дискредитираат и оцрнат.

[13] Институт за комуникациски студии. (2023). Дигитален Речник на медиумската писменост. Преземено на 21 јануари 2025, од https://recnik.medium.edu.mk/

Во текстот објавен во онлајн медиумот Тетова сот, насловен како „ФОТО/ Руската врска на Билал Касами и Беса“, се откриваат приватни информации на членови на партијата, кои студирале во Русија. Фактот дека мајката на едниот од нив е од Русија и била член на Руското друштво во РС Македонија се поврзува со врските на партијата со Русија и руската пропаганда во државава:

> ***Според информациите, Харис и Калтрина студирале во Русија. Како да не е доволно што студирале во Русија, извори од општината јавуваат дека и мајката на Харис Сефули е од Русија. Во пребарување на „Фејсбук“ излегува дека мајката на Харис е Татјана Сефули. (Тетова сот, 28 февруари, 2024, ЛИНК).***

Во овој типичен пример на злонамерни информации, медиумот на мошне непрофесионален и неетички начин ги злоупотребува личните податоци на членови на партијата и изнесува спекулативни релации со намера да се наштети на поединците и на партијата.

Притоа, во текот на целата предизборна кампања, политичката партија ДУИ ја обвинуваше целата опозиција за врски со Русија и руските политики велејќи дека евентуалната победа на опозициските партии би ја оддалечила државата од ЕУ-перспективите и би ја доближила до Русија. Во исто време, објавувањето приватни информации за членови на партијата преку медиумите служи да се убедат граѓаните дека такви врски постојат и тие се мошне силни (родител со руско потекло, Русија како место на образование и сл.).

Пример за злонамерни информации е и објавувањето на фотографијата на тогашната кандидатка за претседател Гордана Силјановска-Давкова, кратко по нејзината промоција како претседателски кандидат во почетокот на март 2024, заедно со бугарскиот европратеник Андреј Ковачев. Ковачев е познат во македонската јавност по непризнавањето на македонскиот народ и по негативните изјави за РС Македонија, па така оваа фотографија предизвика реакции во јавноста. Дотолку повеќе, што во објавата на СДСМ на партиската официјална интернет-страница се наведува дека „сликата на Силјановска со Ковачев е потврда за соработката на македонското и бугарското ВМРО“ и дека „Силјановска гордо стои со Ковачев, кој нè негира како народ“ (веб-страница на СДСМ, 7 март, 2024, ЛИНК). Подоцна беше утврдено дека фотографијата е вистинита, но дека датира од пред пет години (ВМРО-ДПМНЕ реагираше со прес-конференција за темата).

Злонамерните информации, како пласирањето на оваа фотографија, се објавуваат со намера да се манипулира јавноста или да се наведе на погрешен заклучок, а со тоа и да се изврти сликата за тоа што е реалност, а што е лага. И во двата случаи зборуваме за вистинити или полувистинити информации (како фотографијата на Силјановска-Давкова и Ковачки е вистинита, но е направена во друг период и контекст), кои служат да се извлечат генерални заклучоци за индивидуалци, партии или институции дека следат извесна (штетна) агенда или политика, работат на штета на интересите на државата и на граѓаните.

Во демократски контексти, злонамерните информации имаат потенцијал да ја поткопаат довербата во изборите, владеењето и правната држава преку искривување на јавната перцепција и манипулирање на мислењата на гласачите. Тие креираат поделби и создаваат ехо-комори во кои се зајакнуваат предрасудите и стереотипите (предавници, корумпирани, нечесни...). Ова како последица може да предизвика сериозна политичка и општествена поларизација.

3. ПОТКОПУВАЊЕ НА ДОВЕРБАТА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ И ВО МЕДИУМИТЕ (БЕЗ ДОКАЗИ)

Поткопување на довербата во институциите *се однесува на дејства или однесувања кои ја еродираат јавната доверба во владините и општествените структури. Тоа придонесува за креирање на перцепција во јавноста дека институциите не работат во нивна корист, што доведува до намалување на довербата.*[14]

Намерното поткопување на довербата во институциите е еден од посериозните штетни политички наративи што доведува до ослабување на демократскиот поредок. Политичките актери и медиуми кои ги поддржуваат ваквите наративи, наместо аргументирана критика, најчесто шират неосновани обвинувања дека институциите како судството, изборните органи или медиумите се корумпирани, пристрасни или некомпетентни, а со тоа создаваат недоверба кај јавноста, предизвикувајќи сомнеж во легитимноста на институциите кои имаат задача да го штитат јавниот интерес.

Кога довербата во институциите е разнишана, граѓаните стануваат поподложни на манипулации и не ги почитуваат одлуките или препораките на тие институции. Ова води до нарушување на владеењето на правото и ја намалува можноста за одговорност на политичките лидери.

Дополнително, кога медиумите се претставуваат како непријатели или како нечиј инструмент, јавноста може да престане да верува во нивната веродостојност и објективност. Тоа пак го „отвора“ просторот за дезинформации и пропаганда, што дополнително ја продлабочува поларизацијата и ја отежнува јавната дебата.

Од друга страна, ова воопшто не значи дека за отчетноста, професионалноста и транспарентноста на институциите и медиумите не треба да се зборува или дека тие „не смеат“ да се критикуваат. Напротив, во демократските општества, институциите и медиумите треба да бидат предмет на конструктивна критика, како и на процеси кои ќе имаат цел да го подобрат нивното функционирање. Меѓутоа, критиката треба да биде дел од аргументирана дебата, во која ќе се анализираат, критикуваат и посочат слабостите на системот и ќе се понудат решенија. Паушалните напади и генерализации од типот „сите се корумпирани“, „цело судство е продолжена рака на власта“ не придонесуваат за пронаоѓање на вистински решенија и го поларизираат општеството.

[14] OECD. (2017). Trust and public policy: How better governance can help rebuild public trust. OECD Publishing. https://www.oecd.org/content/dam/oecd/en/publications/reports/2017/03/trust-and-public-policy_g1g74ea6/9789264268920-en.pdf

Неаргументираното поткопување на довербата во институциите и во медиумите е најчестиот штетен наратив регистриран при мониторингот на штетните наративи пред и за време на изборната кампања за претседателските и парламентарните избори 2024 година. Анализата покажа дека овој наратив доминира во политичката комуникација на партиите и на владините претставници (**1.456 пати**), на политичките лидери (**128 пати**), како и во објавите на медиумите (кај ТВ-станиците **419** прилози и кај онлајн медиумите **1.174** прилози).

Штетниот наратив - поткопување на довербата во институциите и во медиумите во политичката комуникација

Штетниот наратив - поткопување на довербата во институциите и во медиумите

Неколку медиуми во април објавија вест со идентичен наслов: „Ковачки до Лога: Какво е чувството да се биде приврзок на Ахмети со 2 % доверба во судството контролирано од ДУИ?“. Текстот, кој е всушност целосно преземена фејсбук-објава на тогашниот пратеник на ВМРО-ДПМНЕ, Драган Ковачки, е обвинување насочено кон ДУИ за уништување на судството.

> ***Ако не бевте министер за правда, немаше јавноста да знае дека воопшто постоите. Но последиците од вашата неспособност се познати. Тие се бројат со најкатастрофалните извештаи за државата во поглед на правдата. Вие сте министер за правда кога довербата во судството е под 3 %. […] Ова судство е на ДУИ. Затоа нема одговорност за ниту еден од ДУИ и нивните слуги од СДС. (Курир, 20 април 2024, ЛИНК).***

Иако, според сите истражувања и извештаи на меѓународните институции, независноста на судството е еден од најсериозните проблеми на кои државата мора да се фокусира[15], ваквите паушални напади и припишување на вината на еден субјект не се продуктивни и не водат кон вистински промени. Независноста на судството е сложен и системски проблем што бара темелни реформи и политичка волја.

Припишувањето на ваквиот проблем на еден човек или една политичка партија, како и обвинувањата дека тие се единствените одговорни за состојбата, го замаглува вистинскиот карактер на проблемот и ги одвлекува вниманието и ресурсите од неопходните реформи. Така, се создава илузија на решавање на проблемот, додека системските недостатоци остануваат нерешени. Судските реформи бараат транспарентност, одговорност и институционални подобрувања, а не паушални политички напади или исклучиво насочување кон одредени субјекти.

Од друга страна, довербата во институциите како судството, за која зборува и Ковачки, се поткопува и со ваков тип неаргументирани обвинувања и оцрнувања. Кога без докази се шират сериозни обвиненија или се даваат генерални изјави кои го оцрнуваат целиот правосуден систем, тоа не само што не придонесува за решавање на проблемите туку

[15] Извештајот на Европската комисија (ЕК) за 2024 година за владеењето на правото во Република Северна Македонија иницира сериозна загриженост за независноста на судството и капацитетот да се заштити од влијание. Во извештајот се забележува дека перцепцијата за независноста на судството останува многу ниска и покрај тековните реформи и новата стратегија насочена кон подобрување на независноста, ефикасноста и професионалноста на судството.
Според извештајот на ЕК, само 25 % од општата популација и 20 % од компаниите сметаат дека нивото на независност на судовите и судиите е добро или многу добро. Примарната причина за вооченият недостаток на судска независност е мешање или притисок од Владата или политичарите. https://commission.europa.eu/document/download/e7197a43-7f00-4eac-b02d-818ac71345f0_en?filename=61_1_58090_coun_chap_northmacedonia_nm.pdf.

дополнително ја руши довербата на граѓаните во овие институции. Ова создава клима на недоверба и цинизам, што може да има далекусежни последици за стабилноста на правната држава и за демократските процеси. Впрочем, целата атмосфера во општеството и неодговорните политички изјави кои ја поткопуваат довербата во институциите придонеле само 25 % од популацијата и 20 од компаниите (не 2 % како што тврди Ковачки и ударниот наслов во медиумите) да сметаат дека нивото на независност на судовите и судиите е добро или многу добро.[16]

Вопоткопувањетонадовербатавоинституциитеистотакагивбројувамеинеаргументираните напади кон политичките партии, дел од демократскиот пејзаж на општеството. Значителен дел од предизборните кампањи беше посветен на неаргументирани напади кон политичките противници и затоа не изненадува големиот број случаи поврзани со овој штетен наратив.

СДСМ и ДУИ мошне често во своите изјави користеа реторика со која ја поврзуваа опозицијата (најчесто партиите ВМРО-ДПМНЕ и Левица) за поврзаност со Русија и блискост до руската политичка агенда. Па, во еден случај на исто така неаргументирани напади на ВМРО-ДПМНЕ во кои во една реченица се набројуваат различни обвинувања за корупција и криминал, СДСМ одговара со напад дека ВМРО-ДПМНЕ е партија која продолжува да ја имплементира руската агенда: „ВМРО останува сама во проруската агенда, против ЕУ и без коалициски партнери.“ (МТВ 2, 19 јануари 2024).

Овој пример е издвоен за да се демонстрира начинот на кој низ кампањата, освен довербата во институциите, постојано се поткопува и довербата во политичките субјекти и во политичкиот систем.

Неаргументираното напаѓање и обвинување придонесува за постојано отуѓување и поларизација. Луѓето сè помалку се слушаат едни со други, а тоа ја убива дебатата.

Слушањето на другите е основа на демократијата – тоа ги обединува луѓето во заедница и ја овозможува комуникацијата. Денес, сè повеќе ги слушаме само сопствените гласови, неспособни да ги чуеме туѓите гледишта и ставови. Во ера на поствистина исказите сè помалку се потпираат на факти, а вистината се обезвреднува.

4. ПРИСТРАСНО СЕЛЕКТИРАЊЕ

Пристрасно селектирање *претставува намерно избирање докази или факти што поддржуваат одредено гледиште, додека се игнорираат или извртуваат доказите што се во корист на спротивното гледиште*[17].

Штетниот политички наратив пристрасно селектирање вклучува селективен избор и презентирање информации со цел да се обликува јавното мислење на манипулативен начин. Во политичкиот дискурс, наместо да се прикажат сите релевантни аспекти на еден настан или тема, при пристрасното селектирање се користат само одредени факти или податоци кои ја поддржуваат посакуваната политичка агенда, додека други информации се игнорираат или се потиснуваат.

[16] Извештај на Европската комисија (ЕК) за владеењето на правото во Република Северна Македонија во 2024 година, https://commission.europa.eu/document/download/e7197a43-7f00-4eac-b02d-818ac71345f0_en?-filename=61_1_58090_coun_chap_northmacedonia_nm.pdf.

[17] Jaradat, I., Zhang, H., & Li, C. (2024). On Detecting Cherry-picking in News Coverage Using Large Language Models. arXiv. https://arxiv.org/abs/2401.05650

Ова создава искривена слика на реалноста, оставајќи ја јавноста со погрешна или нецелосна претстава за ситуацијата. На пример, политичките актери или медиумите може да ги истакнуваат само негативните страни на одредена политика или група, при што ја засилуваат поларизацијата и го намалуваат просторот за објективна анализа и дискусија. Со ова, пристрасното селектирање го спречува разбирањето на комплексноста на прашањата и ја поттикнува јавноста да донесува одлуки врз основа на ограничени или погрешни информации.

Овој наратив е штетен бидејќи го поткопува критичкото размислување и го намалува капацитетот на граѓаните за информирано учество во демократските процеси.

Во трката по гласови, а особено придобивање на симпатиите на едно од најголемите гласачки тела – пензионерите, СДСМ најави зголемување на пензиите до 3.000 денари.

> ***Пензионерите со пензии до 14 илјади денари месечно ќе имаат по 3 илјади плус на своите сметки. Останатите две групи со примања до 19 илјади ќе земат помалку. Помошта им следи во наредните пет месеци. (ТВ Сител, 28 ноември, 2024).***

ВМРО-ДПМНЕ од друга страна целосно ја игнорираше оваа најава и лидерот на партијата ја обвини власта дека не сака да ги покачи пензиите на пензионерите зашто е претворена во елитистичка партија. Игнорирајќи ја владината мерка и изјавата на СДСМ, Мицкоски ја обвини СДСМ дека не го поддржала нивниот предлог за покачување на пензиите. Иако се работи за предизборни игри и ветувања, сепак преку ваквата изјава се гледа како се прави пристрасното селектирање на факти и ставови.

> ***Јас навистина жалам што СДСМ и ДУИ одлучија да бидат против пензионерите и веднаш после онаа моја најава дека во рок од една година откако Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе биде избрана, линеарно ќе бидат покачени пензиите за 5.000 денари, тие наместо да ја поддржат, тие одлучија да бидат против оваа одлука и да бидат против пензионерите. Но, не ме чуди СДСМ и ДУИ се политички партии кои прераснаа во една политичка елита. (ТВ Канал 5, 28 ноември, 2023).***

За разлика од овој пример кога се гледа како политичките актери пристрасно ги селектираат фактите и случувањата, беа регистрирани и случаи кога новинарот и медиумот, намерно или ненамерно, се фокусира само на еден аспект од настанот, тотално игнорирајќи важни сегменти кои се потребни за јавноста да ја добие целата слика.

Таков е текстот објавен во онлајн медиумот Нова ТВ, од настан посветен на ЕУ-интеграциите одржан во октомври во Скопје. Иако еден од главните говорници на настанот беше холандскиот амбасадор Дирк Јан Коп, неговата „остра“ изјава во која критикува за недостаток на реформи во овој прилог воопшто не е вклучена, но се вклучени изјавите на владините претставници кои даваат одговор на дилемите на амбасадорот.

> ***Грковска потенцира дека холандскиот амбасадор Дирк Јан Коп, кој е меѓу учесниците на конференцијата, често знае да е критичен, особено во поглед на правосудните реформи и посочи дека неговите критики се издржани.***
> ***(Нова ТВ, 19 октомври, 2023, ЛИНК).***

Одговорот на владината претставничка е важен за целиот контекст, но е изоставена главната изјава на која се однесува нејзиниот одговор. Ваквиот начин на игнорирање и исклучување на важни изјави и детали кои треба на гледачот или читателот да му овозможат да ја разбере ситуацијата и да изгради целосна слика за случувањата е целосно во спротивност со новинарските професионални стандарди.

Сличен пример на селективност на новинарот/медиумот е и текстот објавен во онлајн медиумот Република под наслов:

> ***Ковачевски лока и лумпува „окезен“ во Белград со народни пари, дури народот му тоне во сиромаштија***
> ***(Република, 28 ноември, 2024, ЛИНК).***

На фотографиите тогашниот премиер Димитар Ковачевски стои со чаша вино во раката, а новинарот го обвинува дека додека економијата пропаѓа тој лумпува и пие. Тоа што овој текст не вклучува е најважната информација, дека Ковачевски бил гостин на Меѓународниот саем за вино, храна и туризам во Белград и дека фотографијата со чаша вино е дел од амбиентот на ваквиот настан.

Ваквата селективност во изборот на информациите и начинот на врамување на случувањата не нуди целосна слика на читателот и дополнително придонесува за поларизација, поделби по политички и етнички линии. Кога медиумите или политичките актери намерно нагласуваат само одредени аспекти од приказната, ја извртуваат реалноста и ја сведуваат на делумни или нецелосни наративи. Наместо професионално да информираат, тие ги „зајакнуваат“ постоечките поделби и конфликтни позиции меѓу различни групи.

Поделбата на општествата, која станува се поевидентна придонесува за сè поголема поларизација во која припадноста кон една опција, политичка фракција или верување, претставува начин за креирање на сопствениот идентитет. Новите, „модерни племиња“ на кои сè почесто се делиме, без разлика дали имаат десни или леви перцепции, не нудат опции за несогласување или отфрлање на одредени гледишта или ставови[18]. Дискурсот е заменет со вера, со сакралност, а вистината станува второстепена. Со прифаќање на тврдењата на сопственото племе, без разлика дали почиваат на аргументи или не, ние се идентификуваме и градиме припадност на групата. Сите што се надвор од нашето племе ги сметаме за непријатели, па така сите ставови, мислења, аргументи на противничкиот табор автоматски ги отфрламе како погрешни и штетни. На тој начин ја губиме димензијата на другоста, на поинаквоста, не почитуваме ништо што е или размислува поинаку од нас, се оддалечуваме од сè што претставува демократска вредност.

Еден аспект на општествената поделба е и **пристрасната селективност**, во која се презентира само сопствената приказна, како единствено можна и единствено правилна. Сè што отстапува од таквиот наратив се смета за погрешно, без разлика на аргументите кои се нудат. Демократијата е заедница на слушатели, луѓе кои се слушаат меѓусебно, без разлика дали се согласуваат или не. Во исклучувањето на другото мислење од дискурсот, останuваме во своите ехо-комори слушајќи го само сопствениот глас.

5. ТЕОРИИ НА ЗАГОВОР

Теории на заговор *се верувања дека зад сите појави во светот, предвидени и непредвидени, општествени случувања или природни непогоди, стои група или групи од екстремно моќни и богати луѓе коишто ги предизвикуваат и ги контролираат таквите појави*[19].

Теориите на заговор се мошне штетни политички наративи кои, пред сè, ја поткопуваат довербата во науката, но и во институциите, медиумите и самата демократија. Политичките актери кои користат теории на заговор како дел од својата реторика често ги искористуваат овие наративи за да манипулираат со јавноста и да го одвлечат вниманието од вистинските проблеми. Овие „конспиративни“ теории создаваат „внатрешни“ и „надворешни“ непријатели, обвинувајќи групи или индивидуи за тајни планови кои им наштетуваат на „обичните“ луѓе. Оваа тактика служи за поделба на општеството и мобилизирање поддршка преку страв и недоверба кон другите.

Исто така, креирањетото и ширењето на теории на заговор им помага на политичките актери да избегнат одговорност за своите постапки и политики, како и недостатокот на вистински решенија за проблемите. Со обвинување за „тајни елити“ или „невидливи непријатели“, тие го одвлекуваат вниманието од своите неуспеси или контроверзни одлуки.

Колку можат да бидат штетни и распространети се виде за време на пандемијата со ковид 19, кога бројни групи успеаја да рашират најразлични теории на заговор, насочени кон недоверба во начините на справување со болеста, недоверба дека таа воопшто постои, но пред сè одбивање да се верува на науката, здравството и здравствените работници.

Ваквите наративи беа дизајнирани и насочени кон оние групи граѓани кои и претходно беа наклонети кон верување во конспиративни теории, како што се вметнувањата на чипови во човечките тела, намерното испуштање хемиски средства од авионите или дека земјата е рамна.

[18] Han, B.-C. (2022). Infocracy. Polity.

[19] Институт за комуникациски студии. (2023). Дигитален Речник на медиумската писменост. Преземено на 21 јануари 2025, од https://recnik.medium.edu.mk/

Изјавата на претседателот на ДУИ, Али Ахмети, дадена во септември 2023 година, е интересен пример како се развива извесна теорија на заговор (смислен заговор против него и партијата), а од друга страна, во истата реченица го обвинува политичкиот опонент дека е жртва на друга теорија на заговор (Албанците ќе им ја земат државата на Македонците).

> ***Се работи за добро смислена кампања против мене лично и против Демократската унија за интеграција. Дури можам да кажам дека се работи за нацистичка кампања затоа што сметаат дека ДУИ и Албанците ќе им ја земат државата и економијата. (ТВ 21, 17 септември, 2023).***

За да ја поткрепи конспирацијата против него, неговата партија и албанската заедница, Ахмети споделува приватни разговори со бивши министри (без да ги открие имињата), кои сметале дека доколку не постоела отворена дискриминација кон Албанците од страна на системот, немало да има војна во 2001 година. Ваквото симплифицирано објаснување на сложени историски и политички настани, комбинирано со неофицијални и непроверливи тврдења, е класичен елемент на теориите на заговор. Тоа не само што не нуди целосна и објективна слика туку и ги засилува предрасудите и недовербата во системот и општеството, а во овој случај влијае на довербата меѓу различните етнички заедници и зголемување на поларизацијата по етнички линии.

Теориите на заговор, како што е оваа, често се потпираат на тајни извори и приватни разговори кои се тешко проверливи, што ги прави идеални за манипулација на јавноста. Тие ги избегнуваат сложените политички и социјални контексти и наместо тоа, нудат едноставни објаснувања кои одговорноста ја сведуваат на неколку луѓе или групи. Со вакви наративи, политичките актери успешно го одвлекуваат вниманието од системските проблеми и предизвици и ги претвораат во лични или етнички конфликти, со што додатно ја поларизираат јавноста.

Интересна теорија на заговор развива Левица, за тајна колаборација меѓу најголемите партии и политички опоненти, СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ, кои заедно одработуваат за туѓи, најверојатно странски интереси. Ваквиот наратив, во различни варијации, Левица го употребува низ целиот овој период, особено во периодот на предизборната кампања. Според Левица, членството на НАТО е на штета на РС Македонија, а во корист на империјалистичките политики на Западот. Притоа, мета на нападите од Левица не се само партиите на власт туку и најголемата опозициска партија ВМРО-ДПМНЕ, која е соучесник во овие политики:

Молкот на ВМРО-ДПМНЕ за вазалската надворешна и безбедносна политика (на СДСМ и ДУИ м.з.) е само поддршка и ветар во грб, за продолжување на истата од Владата на СДСМ и ДУИ. За чии интереси одработува врхушката на „политичката елита?
(Независен, 24 ноември, 2024, ЛИНК).

Уште еден, мошне специфичен случај на ваков сличен наратив, но овој пат дека опозицијата е продолжена рака на руските политики во РС Македонија, беше пласиран од ДУИ низ целата кампања. Иако во последните неколку години беа направени истражувања во регионот кои го докажуваат руското влијание во различни сфери од општеството, сепак наративот на ДУИ кој се развиваше низ целиот предизборен период може да се гледа како теорија на заговор. ДУИ во секоја изјава и постапка на опозицијата (вклучувајќи ги и ВМРО-ДПМНЕ, Левица и албанската обединета опозиција), гледаше руски елементи и пласирање на руски политики. Како пример е издвоена изјавата на ДУИ од април 2024 година, во која жалат дека ВМРО-ДПМНЕ се дистанцира од меѓународните партнери на РС Македонија и прокламира руски и српски политики, а ја повикуваат и албанската опозиција да не ги поддржува проруските политики.

Демократската унија за интеграција изразува длабока загриженост за политиката на поделби и изолација на ВМРО и Мицкоски, притоа отворено прокламирајќи ја руската и српската политика во однос на Република Косово и Албанците воопшто. Исто така, ја повикуваме албанската опозиција да ги поддржи политиките и ставовите на нашите меѓународни партнери и да не промовира проруски политики кои сакаат да ја дестабилизираат Северна Македонија и регионот во целина.
(Слободен печат, 16 април, 2024, ЛИНК)

Теориите на заговор се особено присутни во периоди на криза, а глобално светот е во политичка и економска криза, и, како што вели теоретичарот Чул-Хан, и во сериозна наративна криза. Дигитализацијата го замени наративот со информација и тоа придонесе да сме добро информирани, но и дезориентирани[20]. Затоа што самата информација, која е испразнета од контекст, не е доволна вистински да ги разбереме работите и да навлеземе во нивната суштина. И при таквата дезориентираност, теориите на заговор претставуваат најлесен и најбрз начин да ги „разбереме“ работите.

[20] Han, Byung-Chul. Infocracy. Cambridge: Polity, 2022.

Но, тоа што е специфично за теориите на заговор е нивната улога во креирање на нашите идентитети. Некритички прифаќајќи некоја теорија на заговор, ние се идентификуваме со групата или заедницата со која делиме исти ставови и гледишта и сакаме да бидеме нејзин дел. Во таков контекст тие претставуваат одличен аргумент за стереотипите и предрасудите кои ги имаме за различни групи и заедници.

Специфично за теориите на заговор е дека фикцијата се претвора во чудна, извртена реалност. Па затоа, нивната успешност е поврзана и со отпорноста на обидите за проверка на фактите, затоа што теориите на заговор се наративи кои, и покрај нивниот фиктивен карактер, обезбедуваат основна рамка преку која нивните приврзаници ја перципираат реалноста. Нивните универзални објаснувања, или универзални лаги, ја отстрануваат стресната несигурност и неизвесност и даваат едноставен одговор на комплексноста на животот.

6. НАПАДИ НА ЛИЧНА ОСНОВА И/ИЛИ ДЕМОНИЗАЦИЈА НА ПРОТИВНИЦИТЕ

Напад на лична основа *(лат. ad hominem) е критика на карактерот, навиките или изгледот на опонентот, а не на неговите идеи, тврдења или фактите што ги изнесува*[21].

Демонизација *е понижување, оцрнување или сатанизација на лице или група, најчесто преку напад на личните карактеристики на едно лице или на водачот на групата*[22].

Нападите на лична основа и демонизација на противниците се штетен наратив кој го поткопува „здравиот“ јавен дискурс. Овој тип наративи не се насочени кон рационална дебата или конструктивна критика, туку кон персонализирање на проблемите преку напаѓање на личностите, наместо нивните ставови и гледишта. Нападите на лична основа, познати и како ад хоминем напади, се често користени за да се дискредитира противникот без да се навлегува во суштината на аргументите што тој ги претставува. Оваа тактика не само што создава токсична средина за дебата туку и ги оневозможува напорите за наоѓање решенија за вистинските проблеми.

Главната цел на ад хоминем нападите е да се намали вредноста на противникот и неговите аргументи во очите на јавноста. Тоа често води до одвлекување на вниманието од вистинските проблеми и фокусирање на лични напади, што го деградира квалитетот на дискусијата. Ова е штетно за конструктивниот дијалог бидејќи наместо размена на идеи и факти, дебатата се сведува на меѓусебни напади кои ја исклучуваат можноста за рационална размена на мислења. Со други зборови, ад хоминем нападите ги замаглуваат границите меѓу фактите и емоциите и драстично го намалуваат квалитетот на дебатата.

Кога противниците се демонизираат, тие се претставуваат како опасни и штетни, што е уште еден начин на кој општеството се поларизира и се дели на „ние, добрите“ и „тие, лошите“. Овој вид реторика е особено штетен во политички и медиумски контекст, бидејќи го поттикнува јавниот страв и недоверба кон оние кои имаат поинакви ставови или убедувања. Наместо да се гради дијалог или разбирање, демонизацијата создава длабоки поделби и ја оневозможува соработката и конструктивниот дијалог.

[21] Институт за комуникациски студии. (2023). Дигитален Речник на медиумската писменост. Преземено на 21 јануари 2025, од https://recnik.medium.edu.mk/

[22] Институт за комуникациски студии. (2023). Дигитален Речник на медиумската писменост. Преземено на 21 јануари 2025, од https://recnik.medium.edu.mk/

Политичката дебата, особено во период пред избори, е очекувано да биде остра и борбена. Сепак, и во такви услови, од носителите на јавни функции и од кандидатите за јавни функции се очекува пристојна и цивилизирана комуникација, базирана на докази, без навреди, напади и демонизација на политичките противници, во согласност со демократските практики за етичност и професионалност. Сепак мониторингот на медиумите и официјалните веб-страници и профилите на социјалните мрежи на политичките партии и нивните лидери го покажа спротивното. Нападите, навредите и демонизацијата беа едни од најчестите штетни наративи по поткопувањето на довербата и пристрасното селектирање.

Политичката парија Левица и нејзиниот лидер Димитар Апасиев на официјалната интернет-страница и на фејсбук-профилите објавуваа содржини со голем број навреди кон политичките противници[23]. Тие своите опоненти на политичката сцена ги нарекуваа „слуги“, „криминалци“, „антинародна“ и „квинслишка“ власт, „УЧКи“, „терористи“, „балисти“ и „бандити“.

Во една објава на својата фејсбук-страница, лидерот на партијата Димитар Апасиев пренесува вест за претседателот на Гвајана, Мохамед Ирфан Али, односно неговото интервју во кое го критикува Западот и западните политики. Апасиев, поздравувајќи ги ваквите ставови во фејсбук-објавата, ќе напише:

> ***Е ваков ПРЕТСЕДАТЕЛ сакам! А не ко вошкана Пендаровски.***
> ***(објава на фејсбук-страницата на Апасиев, 31 март, 2024, ЛИНК).***

Покрај Пендаровски, лидерот на Левица го навредуваше и тогашниот премиер на техничката влада Талат Џафери:

> ***Дали премиерот-ТЕРОРИСТ на Северџанистан ги осуди терористичките напади во Москва и зошто не? #Колеги***
> ***(објава на фејсбук-страницата на Апасиев, 23 март, 2024, ЛИНК).***

[23] Партијата Левица во истражуваниот период имала вкупно 53 објави на интернет-страницата и на фејсбук-профилот кои содржеле навреди и демонизација на политичкиот опонент, додека лидерот на партијата Димитар Апасиев, вкупно 45 објави.

Ословувањето на двете највисоки позиции во државата на таков навредлив начин не е само знак на недостаток на почит туку и директен удар врз демократските принципи. Во демократијата, критиката на политичките лидери е очекувана и неопходна, но кога таа се сведува на лични навреди, се губи суштината на дебатата и се замаглуваат важните политички прашања. Наместо да се фокусира на политичките или професионалните аспекти, ваквите напади ја деградираат дискусијата и создаваат култура на нетолеранција, каде што политичките опоненти не се гледаат како дел од плуралистичкиот систем, туку како непријатели кои треба да се напаѓаат, навредуваат и дискредитираат.

Навредите кон јавни функционери не ја зајакнуваат демократијата, туку ја слабеат, бидејќи го пренасочуваат вниманието од вистинските политички аргументи и предизвици кон ниски лични напади. Ова го поттикнува јавниот дискурс да стане токсичен и го обесхрабрува конструктивниот дијалог, што е клучен за одржување на демократскиот систем.

Левица ја ословуваше СДСМ со „СДС“, „СДС на Нашата земја“, како и со „квислинзи“, „транзициски клептомани“. За Левица тогашниот вицепремиер Бојан Маричиќ беше „дебелогазец“, а Вреди, исто како и ДУИ, беа етикетирани како „необалисти“. За ВМРО-ДПМНЕ од Левица користеа изрази како „лажни патриоти“, „неоврховисти од ДПМНЕ“, „недоквакани вмроиди“, „гниди вмроидни“, „вмроиди“, а лидерот на партијата Христијан Мицкоски го нарекуваа „војвода“ и „Мицика“.

Навредите, именувањата и неприкладните прекари не беа само декор на политичкиот наратив на Левица. Слични навреди беа забележливи од голем број политички актери и партии, иако не толку вулгарни и радикални, како оние од Левица.

Во фејсбук-објава, Изет Меџити, лидерот на Демократско движење, го нарекуваше тогашниот вицепремиер Артан Груби – „Артан казиноман“ и притоа упатуваше навреди на негова сметка со заклучок дека нема што да се очекува од луѓе кои во политиката лечат детски комплекси и се тешат за тоа што никој не ги сака, колку и да се трудат (објава на фејсбук-страницата на Изет Меџити, 10 март, 2024, ЛИНК).

Навредата „казиноман“ не е поврзана со наводни коцкарски пороци кај Груби, туку со тогашниот Предлог-закон за игри на среќа, на чии измени најмногу инсистираше партијата ДУИ[24]. Според албанската опозициска коалиција Вреди, инсистирањето на ДУИ за промена на законот е поврзано со нивни бизнис-интереси, па оттука и навредливиот прекар за Груби.

ДУИ, од друга страна, ја нарекуваше албанската опозиција „кокошка која ставила крила на орел“, алудирајќи на нивниот недоволен патриотизам и недостаток на потенцијал да ги бранат албанските интереси.

Груби претставниците на албанската опозиција ги нарекуваше „вазали на Мицкоски“, СДСМ за ВМРО-ДПМНЕ велеше дека се „режим“ и ќе ја стават земјата во „мрак“, а за опозициската ВМРО-ДПМНЕ фокусот беше кон тогашниот премиер Димитар Ковачевски кого го нарекуваа „неспособен“ и „неискрен“ политичар. Претседателот на државата Пендаровски за опозицијата беше „марионета“, Арбен Таравари од Алијанса за Албанците „отиден со паметот“, Али Ахмети го „загубил компасот“ или беше нарекуван „командант полжав“.

[24] Законот беше донесен во скратена постапка, со европско знаменце. Собранието тогаш, со 55 гласа „за“ ги усвои измените со коишто се предвидуваше обложувалниците и казината да бидат оддалечени најмалку 500 метри од основните и од средните училишта. Но, законот не беше потпишан од претседателот Стево Пендаровски, со образложение дека било злоупотребено европското знаменце, па при повторното гласање измените на законот не добија доволно гласови.

Користењето вакви термини од страна на политичките актери во јавниот дискурс поттикнува нормализирање на примената на навредлив речник на јавната сцена и во јавната комуникација. Кога навредливиот речник не се осудува, не се ограничува неговата употреба, тогаш по подолг период тој може да се прифати како дел од општата лексика на јазикот, а со тоа и да се овозможи ширење штетни наративи и ниска култура на јавното говорење. Политичарите, несомнено, го користат затоа што на тој начин сметаат дека говорат на јазик близок до електоратот и често прифатен и одобруван, додека медиумите во него гледаат шанса за поголема гледаност/читаност. Медиумите, а особено информативните емисии, не смеат да бидат платформа за ваков неприкладен говор, во кој нема ништо освен лажен спектакл и евтин популизам.

7. НЕОСНОВАНИ ОБВИНУВАЊА ЗА СТРАНСКО ВЛИЈАНИЕ

Странско влијание *се однесува на напори од странски влади, организации или индивидуи да влијаат или да имаат ефект врз политиките, одлуките или активностите на други земји за да ги остварат своите сопствени интереси*[25].

Неосновани обвинувања за странско влијание *се тврдења или обвинувања за вмешаност или влијание од странски фактори кои не се поддржани со веродостојни докази. Овие обвинувања често се користат за да се дискредитираат одредени лица, организации или идеи, создавајќи сомнеж и недоверба кај јавноста.*

Обвинувањата за странско влијание како штетен наратив е најчесто користен од политичките актери и од медиумите за да се создаде страв и сомнеж кај граѓаните, особено во контексти каде што постојат политички, економски или социјални тензии. Овој наратив се користи за да се обвинуваат надворешни сили за внатрешните проблеми, сугерирајќи дека некоја странска држава, организација или група манипулира со настаните, политиките или јавното мислење во една држава. Иако странските влијанија се реалност во меѓународната политика, оваа реторика често се користи како начин да се дискредитираат внатрешните актери и политички опоненти и да се избегне одговорноста за сопствените проблеми.

Овој наратив е штетен бидејќи го храни национализмот и ксенофобијата, поттикнувајќи страв од странците и недоверба кон меѓународните партнери. Тој создава поларизирана средина каде што секое несогласување или критика може да се интерпретира како резултат на странско влијание, а не како дел од легитимна демократска дебата. Така, ваквите обвинувања често служат за да се замолчат критичарите или да се манипулира јавноста. Исто така, наративот за странско влијание има потенцијал да ги дискредитира политичките актери и институции и на меѓународен план и да го загрози меѓународниот углед на земјата.

Најштетниот аспект на овој наратив е тоа што го одвлекува вниманието од реалните проблеми во општеството за кои не се бара вистинско решение. Наместо да се соочат со структурни слабости или недостатоци во политиките, лидерите често прибегнуваат кон обвинување на странски фактори како начин да ја избегнат одговорноста и да ја зачуваат власта и своите позиции.

[25] University of South Florida. (n.d.). What is foreign influence? Compliance & Ethics. Преземено на 20 јануари, 2025, од https://www.usf.edu/compliance-ethics/foreign-influence/resources/what-is-fi.aspx

Особено загрижува трендот во некои европски земји, каде што се предлагаат закони против „странски агенти“, што е ограничување на граѓанскиот простор. Овие мерки, претставени како заштита на националниот суверенитет, многу лесно може да се злоупотребат за етикетирање и дискредитација на организации, медиуми и активисти кои промовираат транспарентност, човекови права и демократски вредности.

При набљудувањето и анализата на политичките штетни наративи, се издвојуваа два спротивставени типови на обвинувања за странско влијание. Од една страна, владејачките политички партии СДСМ и ДУИ ја обвинуваа опозицијата за руско влијание и спроведување на проруска агенда во РС Македонија, а од друга страна опозициската Левица ја обвинуваше власта за слепа послушност кон САД и останатите „империјалистички сили“. И едните и другите ги убедуваа граѓаните за постоење на силни странски влијанија во државата, кои се помогнати и спроведени од домашните политички актери.

При промоцијата на професорката Билјана Ванковска за претседателски кандидат на Левица, во соопштението на партијата се вели дека Левица им фрла ракавица в лице на буржоаските партии и влегува во борба на претседателските избори! Во ова соопштение се користат зборови како странски шовинизми, империјалистички политики, а претседателот не смее да стане „марионета на странските амбасади и вазал на туѓите државни интереси“.

> ***...во епоха кога македонскиот народ и држава се под силен удар на странските шовинизми и империјалистички политики, се исправуваме пред предизвикот во кој македонскиот народ мора да излезе како ПОБЕДНИК, како и дека не треба да се дозволи претседател кој ќе биде марионета на странските амбасади и вазал на туѓите државни интереси.***
> ***(Официјална веб-страница на Левица, 7 февруари, 2024, ЛИНК).***

Очигледно, Левица се обидува да се портретира како партија која ќе ги застапува исклучиво македонските интереси, но тоа го прави преку наративи кои ги обвинуваат сите останати политички партии за спроведување странски интереси.

Од друга страна, низ целиот период пред изборите, ДУИ многу често го користеше штетниот наратив странско влијание против опозицијата насочен кон ВМРО-ДПМНЕ и Вреди, не само обвинувајќи за руско влијание во државата туку и за тесни врски на овие партии со Русија и руските политики. Кампањата која ја водеше ДУИ почиваше на тезата за странско влијание „ДА за ЕУ – НЕ за Русија“ со која се претставува дека државата е во опасност на руското влијание и дека со правилен избор (н.з. изборот за ДУИ) државата ќе се придвижи кон ЕУ, а ќе се оттргне од Русија:

Бараме ВМРО-ДПМНЕ да се изјасни против Русија, за Европа и да се огради од поетските пропутинистички ставови на нивната некогаш поразена русоносталгична кандидатка Давкова... руското влијание што ја зафати нашата економија, критичната инфраструктура, политичките партии, медиумите, верските заедници, граѓанското општество и има за цел да го дестабилизира нашето општество. Кревка мултиетничка, мултирелигиозна и мултикултурна за промовирање на домино-ефект низ целиот регион. (Официјална страница на ДУИ, 24 февруари 2024, ЛИНК).

Сличен наратив користеше и СДСМ, обвинувајќи ја опозицијата за анти-ЕУ сентимент и врски со Русија и руските политики. Сепак, начинот на кој тоа го прави СДСМ е посуптилен и индиректен, обично обвинувајќи дека опозицијата ја оддалечува државата од западот и од Европската Унија.

ДПМНЕ нема поддржано ниту една одлука за евроатланските интеграции на земјава. Сосема спротивно, правеше сè за да ја блокира европската иднина на земјата. Под заложништво на проруската Левица организира протести против европскиот предлог, хистерично шириа лаги за бугаризација и асимилација... Цели 11 години ДПМНЕ ја држеше земјата во изолација, надвор од ЕУ и НАТО, а денеска е главен кочничар на европската интеграција. (Видеообјава на фејсбук-страницата на СДСМ од прес-конференција на Дарко Каевски – портпарол и пратеник од СДСМ, 2 октомври 2023, ЛИНК).

ВМРО-ДПМНЕ пак го користеше спорот со Бугарија, не само да демонстрира странско влијание, туку и блискост на СДСМ со одредени политички фигури од оваа земја.

Во објава од фејсбук-страницата на партијата се презентираше манипулативна аудиовизуелна монтирана содржина од интервјуа на Пендаровски и Ковачев, со која се тврди дека Пендаровски срамно му припишал бугарско етничко потекло на Гоце Делчев – „постапи како да е член на историската комисија, ама од бугарска страна“. (Фејсбук, 10 март 2024, ЛИНК)

Странското влијание во македонското општество е сензитивна тема, а политичките актери треба да бидат многу внимателни како ја користат. Политичарите кои ја водат или претендираат да ја водат државата, а посочуваат на странско влијание во земјата, потребно е да обезбедат докази за конкретни недемократски механизми преку кои се врши влијание и каде е опасноста со цел на граѓаните да им биде јасно како е поврзан нивниот глас за одредена политичка опција со изборот меѓу ЕУ и Русија.

Притоа, потребно е да се направи разлика што е **малигно или штетно странско влијание**, а што е генерално влијание на држави, општества или култури. Штетното странско влијание вклучува **недемократски средства** кои ги користат одредени странски држави за да ги остварат своите цели на влијание во одредени сфери во други општества. Тие алатки на влијание може да бидат поддршка на одредени политички актери кои ја споделуваат идеологијата на одредени политички лидери да дојдат на власт, со цел формирање на стратегиски партнерства за остварување на поширок политички цели.

8. ПОТТИКНУВАЊЕ ПОДЕЛБИ

Поларизација *е чин на разделување на нешто, особено нешто што содржи различни луѓе или мислења, на две целосно спротивставени групи*[26].

Поттикнувањето поделби се смета за еден од најопасните штетни политички наративи во современите општества, затоа што активно промовира дехомогенизација и поларизирање на различните групи во општеството, било да се работи за етнички, религиозни, политички, социјални или економски заедници. Овој наратив создава „ние против нив“ менталитет, каде што се формираат јасни и цврсти граници меѓу различните групи, претставувајќи ги како непомирливи противници. Со тоа се нарушува способноста на луѓето да водат конструктивен дијалог и да соработуваат, што резултира со длабока општествена фрагментација и непријателство.

Поделбите се често поттикнувани од политичките актери или од медиумите кои имаат интерес да го зајакнат сопствениот авторитет преку создавање вештачки конфликти. Наместо да промовираат заедништво и решение на проблемите, овие актери ја користат стратегијата на поделеност за да ги мобилизираат луѓето против заедничкиот „непријател“. Ваквиот наратив ја прави политичката сцена нестабилна, бидејќи наместо да се расправа за политики или идеи, се расправа за идентитети и лојалност. Таквото политичко опкружување е плодна почва за манипулации и дезинформации.

Штетата од поттикнувањето поделби може да се набљудува на повеќе нивоа. На индивидуално ниво, оваа реторика ги засилува стереотипите и предрасудите, правејќи ги луѓето помалку отворени кон различностите. На општествено ниво, поделбите ја рушат социјалната кохезија и довербата меѓу граѓаните, што е неопходно за стабилни и напредни заедници. Истражувањата покажуваат дека општествата со високо ниво на социјална поларизација се помалку ефикасни во справување со кризи, бидејќи недовербата меѓу различните групи ги отежнува напорите за заедничко решавање на проблемите[27].

[26] Cambridge University Press. (n.d.). Polarization. In Cambridge Dictionary. Преземено на 20 јануари, 2025 од https://dictionary.cambridge.org/dictionary/english/polarization#google_vignette

[27] Levin, S. A., Milner, H. V., & Perrings, C. (2021). The dynamics of political polarization. Proceedings of the National Academy of Sciences, 118(50), e2116950118. https://doi.org/10.1073/pnas.2116950118

Поделбата на племиња, споменатa претходно, е директна последица на ваквиот тип наративи и се одликува за затвореност и идентификација со светогледот на својата група, политичка опција, религија и слично. Во таква атмосфера, просто е невозможен дијалог во кој ќе се слушнат размислувањата и ставовите на останатите. Слепото прифаќање на сè што произлегува од групата на која се припаѓа претставува идентитетско прашање, начин на креирање на сопствениот идентитет преку колективниот.

На профилот на партијата ЛДП е објавено интервју на Моника Зајкова за домашниот онлајн медиум Фронтлајн, каде се забележуваат непроверени наоди и формулации со коишто се оцрнува одредена група луѓе со цел да се предизвикаат поделби и раздори помеѓу нас/ние/нашето и вас/вие/вашето и популистички формулации со кои се промовира сопствената идеологија.

На пример, во цитатот:

> ***Кога гледате дека сами се блокираме одвнатре, некако се диференцираат ваквите, како што вие ги нарекувате европски фронт или фронт којшто е против Европа,***

се изнесува тврдење кое тешко може да се провери или да се докаже, а со „се диференцираат ваквите“ и „фронт против Европа“ се развива поларизирачки наратив во кој се промовира поделба на политички фронтови, поделба на вакви и онакви, про- и анти-ЕУ, односно добри и лоши.

Исто така, Зајкова во интервјуто вели:

> ***Јас не верувам дека и тие се против Европа и затоа не знам од кои причини и побуди се кочи целиот процес, затоа што освојувањето на дневно-политички поени на сметка на државните интереси е многу лоша игра“, повторно се изнесуваат непроверени наоди и неосновано се обвинува „другата страна“ за нарушување на државните интереси за лични цели, етикетирајќи ја политиката на „другите“ како „лоша игра.***
> ***(фејсбук-профил на ЛДП, 6 октомври, 2023, ЛИНК).***

Ваквите примери беа чести особено кај опозицијата која се обидуваше да ја претстави власта како дел од елитата, незаинтересирана за вистинските проблеми на народот.

Еден таков пример е и прилогот на ТВ Алфа, во кој е пренесена изјавата на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски, каде тој ја оцрнува власта и го портретира политичкиот опонент како партија на елитата која ги застапува интересите само на една тесна група највлијателни граѓани.

СДСМ и ДУИ се политички партии коишто прераснаа во една политичка елита и ги интересираат интересите само на неколкумина коишто се дел од таа политичка елита, односно да бидам попрецизен, само врхушката на таа политичка елита. (ТВ Алфа, 28 ноември, 2023).

Дополнително, штетниот наратив се засилува во најавата на прилогот, каде се повторуваат и нагласуваат главните зборови кои се дел од ваквиот наратив: „Лидерот Христијан Мицкоски ги обвини двете владејачки партии дека се против повисок стандард на пензионерите затоа што за нив единствено се важни само неколкумина од нивната политичка елита.“ (ТВ Алфа, 28 ноември, 2023)

Заклучокот што произлегува од овој пример е дека опозицијата, преку користење на термини како „елита“ и „врхушка“, намерно креира наратив кој ја портретира власта како одвоена од реалните проблеми на граѓаните. Овој пристап, видлив во прилогот на ТВ Алфа и изјавите на Мицкоски, има за цел да ја зајакне перцепцијата дека владејачките партии не се грижат за интересите на поширокото население, туку само за интересите на тесна група привилегирани поединци. Повторувањето на вакви формулации во медиумите дополнително го зацврстува овој негативен наратив и ја засилува поделбата меѓу политичките актери, пренесувајќи ја недовербата кон јавноста.

Уште еден пример во кој може да видиме како се оцрнува политичкиот опонент, а со тоа се поттикнуваат поделби е изјавата на СДСМ кој ја обвинува опозицијата дека државата стагнира во ЕУ-интеграциите токму поради нив, а тоа е и потврдено со извештајот на Европската комисија:

Извештајот на Европската комисија ги потврди фактите, ДПМНЕ, Мицкоски и Левица се кочничари на напредокот кон ЕУ. Клучниот проблем за извештајот на Европската комисија и забелешките во него е тоа што Собранието е блокирано од страна на опозицијата. (МТВ 1, 8 ноември, 2023).

Ваквиот тип изјави, каде политичките актери се обвинуваат меѓусебно за различните проблеми во општеството, без аргументирано да зборуваат со цел да пронајдат вистински решенија, резултираат со сериозни поделби и сè поголема поларизација по политички линии и идеологии.

Штетниот наратив поттикнување поделби ја подрива демократијата. Кога се поттикнуваат поделби, демократските институции и медиумите се под притисок да го фаворизираат едниот дел од општеството на сметка на другиот. Политичарите кои се служат со вакви наративи можат да ја злоупотребат оваа поделба за да добијат поддршка и моќ, но на долг рок, ова води до ерозија на демократијата, бидејќи општеството се претвора во арена на конфликти наместо во платформа за соработка и компромис.

9. СЕКСИЗАМ

Сексизмот *е збир на предрасуди и дискриминирање на луѓето врз основа на полот или на родот*[28].

Сексизмот може да биде чин, гест или однесување преку кое се смета дека одредено лице е во подредена позиција поради својот пол или род и се поврзува со штетни родови стереотипи. Може да се манифестира јавно или приватно и има за цел да го повреди дигнитетот на поединците или да креира непријателска, застрашувачка или навредувачка средина во која поединците нема да имаат можност целосно да го остварат својот потенцијал или да ги уживаат своите човекови права. Се забележува во форма на навреди, етикетирање, омаловажување кон одредени лица, предрасуди и дискриминирачко однесување кон некоја личност или група само поради различната родова припадност. Некогаш може да биде изразен и преку хумор, идиоми, поговорки од народното творештво кои се сексистички и се најчесто насочени кон жените, илустрирање на ситуација со несоодветни примери кои се сексистички или пак изразување со зборови или тон кои се потценувачки за лицата припадници на групата кои се предмет на сексизам[29]. Исто така, со појавата на социјалните мрежи се појавија и случаи на злоупотреба на приватни фотографии достапни на профилите, а во последните години тоа станува сè почесто. Ваквата злоупотреба не само што може да нанесе голема штета на засегнатите лица туку претставува и прекршување на Законот за заштита на личните податоци.

Штетноста на сексизмот како наратив во јавниот дискурс, посебно во јавната комуникација од страна на политичките актери кои се креатори на политики и носители на одлуки е во тоа што кога се користи, придонесува за ширење на навредлив и понижувачки говор кон поединци, припадници на одредена група.

Истражувањето нотира многу ретко користење на сексистички дискурс во мониториранот период. Се издвојува една објава од лидерот на политичката партија Левица, Димитар Апасиев на неговиот фејсбук-профил која е коментар од страна на Апасиев за различни теми во општеството. Фејсбук-профилот беше главниот медиум

[28] Институт за комуникациски студии. (2023). Дигитален Речник на медиумската писменост. Преземено на 21 јануари 2025, од https://recnik.medium.edu.mk/

[29] Council of Europe. (n.d.). Elements for a Council of Europe definition of sexism. Преземено на 21 јануари 2025 од https://rm.coe.int/16806fbc0d

преку кој лидерот на Левица вообичаено ги комуницираше своите политички ставови во јавноста. Тие беа честопати без очекуваната политичка коректност за лидер на политичка партија, на јасен и едноставен јазик, разбирлив за поширокатa јавност, напишани со остар тон или пак со навреди, етикетирање и дискриминирачки дискурс кон политичките противници.

Текстот во објавата (фејсбук-профил на Димитар Апасиев, 18 декември 2023 ЛИНК) е „Во канџите на губернаторката“ (колоризирано) 😍“, а хаштаговите кои се искористени се #ВазаленМенталитет и #ГоспожаМинистерка.

Објавата со сексистички елементи е кратка порака придружена со фотографија од американската амбасадорка Ангела Агелер и тогашната министерка за култура Бисера Костадиновска-Стојчевска, на која тие се срдечни една кон друга.

Хаштагот #ГоспожаМинистерка може да се смета за сексистички дискурс со оглед на тоа што се користи пејоративниот израз „госпожа“, наместо „госпоѓа“, а синтагмата „госпожа министерка“ во македонскиот јазик се користи за навреди кон жени, особено кон жени кои имаат функции во јавната сфера.

Објавата содржи и навредлив термин како „губернаторка“ за американската амбасадорка во земјава, односно лице кое раководи со губернија[30], со тоа поистоветувајќи ја РС Македонија со територија која нема своја независност како држава.

Политичарите, односно носителите на јавни функции како пратениците во Собранието или членовите на извршната власт на кои им е дадена довербата од граѓаните за извршување јавна функција во име на граѓаните треба да практикуваат политички дискурс кој не е дискриминациски и навредлив во поглед на родовата припадност. Доколку политичарите често го користат, а ваквиот говор не се осудува или разобличува од политичките актери или од медиумите, тогаш кај поширокатa јавност не може да се создаде свесност, да се сензибилизира за тоа што е сексизам и кое е неговото штетно влијание, а да се шири и нормализира сексистичкиот дискурс во јавната сфера. Од носителите на одлуки и креаторите на политики се очекува да работат на создавање на инклузивно општество на еднакви граѓани, искоренување на родово базираното насилство, предрасудите, стереотипите, дискриминацијата и да создаваат поволна околина во која жените ќе можат да ги уживаат сите права и целосно и еднакво да учествуваат во приватната, јавната и политичката сфера.

10. КСЕНОФОБИЈА (СТРАВ ОД СТРАНЦИ/ТУЃИНЦИ)

Ксенофобија *се ставовите, предрасудите и однесувањата кои ги одбиваат, исклучуваат и често ги оцрнуваат луѓето, а се засновани на перцепцијата дека тие се туѓинци или странци во одредена заедница, општество или за националниот идентитет*[31].

[30] Губернатор - управник на губернија, административна област, за време на царска Русија. Административни единици - губернии сè уште постојат во Русија.

[31] European Migration Network. (n.d.). Glossary. European Commission. Преземено на 21 јануари 2025, од https://home-affairs.ec.europa.eu/networks/european-migration-network-emn/emn-asylum-and-migration-glossary/glossary/xenophobia_en

Ксенофобија или страв од странци доаѓа од грчкиот термин *xenos* (ксенос) што значи 'странец' и *phobos* (фобос) што значи 'страв' или во буквален превод 'страв од туѓинецот, од странецот'. Во јавниот дискурс ксенофобијата може да се појави како реторика преку која се пропагира дека нечија странска култура не е добра и нема позитивно влијание кон домашното општество, како и дека присуството на туѓинците, односно странците може да доведе до негативни последици за општеството.

Ксенфобичните наративи имаат плодна почва за ширење, особено кога во јавниот дискурс се шират и етноцентристички или националистички наративи. Во таков контекст, може да се потхранува говорот на нетрпеливост или потпалувачкиот говор во јавноста, а со тоа да им се овозможи на радикалните поединци или групи кои покажуваат отпор кон странското, кон имигрантите, кон поблиски релации со одредени држави или народи да добијат поголема видливост. Ширењето на ксенофобичниот дискурс, односно негативен дискурс за странските култури и странските државјани, може да поттикне нетрпеливост, потпалувачки говор, па и говор на омраза што може да доведе до поларизација во општеството или во краен случај и на кривични дела од омраза. Советот на Европа во Препораката бр. R (97) 20[32] наведува дека „говор на омраза" ги опфаќа сите форми на изразување кои шират, поттикнуваат, промовираат или оправдуваат расна омраза, ксенофобија, антисемитизам или други форми на омраза базирани на нетрпеливост, вклучувајќи: нетрпеливост изразена преку агресивен национализам и етноцентризам, дискриминација и непријателство против малцинствата, мигрантите и луѓето од имигрантско потекло.

Во насоките на УНХЦР за справување со ксенофобија и расизам се наведува предложената дефиниција од специјалниот известувач на ОН за современите форми на расизам, расна дискриминација, ксенофобија и нетолеранција поврзана со нив дека „ксенофобија е однесување кое специфично се заснова на перцепцијата дека другите се туѓи или пак потекнуваат надвор од заедницата или нацијата"[33]. Исто така се смета дека ксенофобијата постои кога на индивидуите им се одземени еднакви права на основа на реално или перципирано географско потекло на лицата или групите за кои станува збор или вредностите, верувањата и/или практиките поврзани со нив со што тие се сметаат за странци или туѓинци.

Во рамки на истражувањето не се нотирани објави со ксенофобија од страна на политичките актери и медиумското известување кои биле предмет на мониторинг.

11. ЕТНОЦЕНТРИЗАМ

Етноцентризмот *е поглед на светот којшто ја смета сопствената култура како пример, врз основа на кој се суди за луѓето од другите култури. Тој се манифестира како давање предност на сопствената етничка група.*[34]

[32] Council of Europe. (1997). Recommendation CM/Rec(97)20 of the Committee of Ministers to member States on combating hate speech. Преземено на 21 јануари 2025

[33] United Nations Special Rapporteur on Contemporary Forms of Racism, Racial Discrimination, Xenophobia and Related Intolerance. (2016). Report to the UN Human Rights Council on xenophobia (A/HRC/32/50, 13 May 2016). Преземено на 21 јануари 2025, од https://undocs.org/A/HRC/32/50

[34] Институт за комуникациски студии. (2023). Дигитален Речник на медиумската писменост. Преземено на 21 јануари 2025, од https://recnik.medium.edu.mk/

Етноцентристичкиот дискурс се појавува кога се даваат примери за навидум аргументирани ставови за тоа како една заедница е подобра за нешто, за разлика од друга која се поставува во подредена позиција и тоа се правда со генетика, развој, културолошки својства или начин на живеење. Честопати се користи принципот на *pars pro toto*[35], кога единечен пример на негативна појава во одредена група се користи за да се етикетира целата заедница како криминална, инфериорна или неразвиена.

Во македонското општество етноцентристичкиот дискурс најчесто е присутен во изјавите на политичките актери кои се однесуваат на односите меѓу двете најголеми етнички заедници, македонската и албанската. Мониторингот во истражувањето покажа дека во предизборниот период, особено во периодот кога се водеше двојната кампања за претседателските и парламентарните избори, се забележува зголемено присуство на емотивен набој во јавната политичка комуникација, при што се изнесуваат етноцентристички ставови од страна на политичките актери, кои се пренесуваат и во медиумското известување и со тоа се креира амбиент во кој се шири говор на нетолеранција и потпалувачки говор.

Притоа, етноцентричниот дискурс најчесто е присутен во изјавите и јавните настапи на високи претставници на политичките партии кои во својата агенда значителни напори ѝ посветувале на идентитетската политика.

Пример за етноцентристички исказ е од одржувањето на свечената академија по повод 28 Ноември, Денот на знамето, државен празник во Албанија кој се одбележува и од Албанците во РС Македонија. Вицепремиерот Артан Груби имаше обраќање по повод празнувањето во ноември 2023 година, а беа забележливи и различни симболи во кои се препознаваат елементи на етноцентризам и национализам. ДУИ е прикажана како партија бранител на албанскиот национален идентитет, за разлика од други политички субјекти кои не го почитуваат Охридскиот договор, не ја признаваат независноста на Косово, не ги признаваат албанското знаме и јазик и се против ЕУ и НАТО:

> ***Ако ноември имаше етничка припадност ќе беше Албанец. А ние да ја завршиме нашата работа, а судбината на нацијата сме му ја оставиле на тој кому сме му ја дале довербата, Али Ахмети. Да живее албанската нација и знаме. Вечна да е Албанија.***
> ***(фејсбук-објава на Артан Груби, 28 ноември 2023 ЛИНК)***

Покрај етноцентристичкиот и националистичкиот дискурс кој се користи во оваа објава која се однесува на партиски настан, таа е објавена и на службениот фејсбук-профил на тогашниот прв вицепремиер во Владата, со што се злоупотребил службен профил за партиска пропаганда.

[35] Лат. pars pro toto значи ‘дел за целото’ или дека еден дел од нешто се користи за да се претстави целината. Оваа фигура на говор е спротивна на totum pro parte, каде целината се користи за да се претстави дел од неа.

Етноцентристичкиот говор е присутен и кај други високи функционери на ДУИ како Бујар Османи, кој беше и министер за надворешни работи од редовите на ДУИ и нивен кандидат за претседател на државата. Објавата е критика на албанската опозиција која ги нарекува

„деривати кои останаа надвор од процесот на лустрација и реформирање на ДУИ“ и кои сега сакаат да ја заменат „силната албанска рака – ДУИ“
(фејсбук-страница на МНР Бујар Османи, 11 февруари 2024 година ЛИНК).

Во објавата има и обвинувања за ВМРО-ДПМНЕ дека наводно поттикнале странско, српско влијание, како и негативни етикети за медиумите кои се обвинуваат дека ги бојкотираат активностите на првиот албански премиер, со кои се развива етноцентристички наратив дека овие здружени сили сакаат да му се одмаздат на Али Ахмети. Притоа се изнесуваат критики и обвинувања кон македонските медиуми дека ги бојкотираат активностите на „првиот албански премиер“ уште од првиот ден на неговото назначување. Во објавата исто така се наведува дека се води кампањата да се уништи ДУИ затоа што партијата е вистински застапник на интересите на Албанците, а пак на претседателот на партијата сакаат да му се одмаздат во за конфликтот во 2001 година и рамноправноста што ја има донесено, со што повторно Ахмети се прикажува како вистинскиот лидер на Албанците во РС Македонија. Објавата беше избришана од фејсбук-профилот на министерот Османи по неколку часа, но тезите кои се изнесени беа носечките за време на кампањата на ДУИ дека нивото на патриотизам што тие го покажуваат, другите албански партии го немаат и им служат на интересите на Русија и на Србија. Впрочем и мотото на кампањата на ДУИ беше „Да за Европа, не за Русија“, со тоа популистички претставувајќи се дека тие се политичка опција која е европски ориентирана, а дека сите обиди да се тргне ДУИ од власт се обиди за свртувања на земјата спротивно на европскиот курс, со што се поттикнува и интраетничката поделба во државата.

На фејсбук-страницата на Левица се забележува етноцентризам во објава од 20 ноември насловена „МОЛК ЗА СКАНДАЛОЗНИОТ ОГЛАС НА ’БЕХТЕЛ И ЕНКА’ ЗА СЕВЕРНОМАКЕДОНСКИ ЈАЗИК“:

Резултатите на владеењето на предавничката СДС и сецесионистите од ДУИ се крајно погубни во однос на државата и општата добробит. Корпоративната диктатура, која ја официјализираа со европско знаменце за да му се дозволи на Артан ГРУБИ да се богати. Владата, која ја сочинуваат импотентните квислинзи од СДС и етнотрибалистичките сецесионисти од ДУИ, дозволува една корпорација да го надополнува проектот за редефинирање на државните идентитетски обележја. Антимакедонската политика на предавничките СДС и ДУИ резултира со целосно редефинирање на антифашистичкиот македонски идентитет во НАТО-вски северномакедонски идентитет.

Во текстот може да се забележат непроверени наоди, навреди и етикетирање, тврдења за корумпираност, но може да се забележи и етноцентризмот со што се обвинува компанијата и партиите на власт за „флагрантно деградирање на македонскиот јазик“ и идентитет. Етноцентристичкиот наратив се развива и во екстремен патриотизам со популистичката формулација:

Левица во својата програма се залага за поништување на т.н. Преспански договор со Грција и на криминалните илегални уставни амандмани произлезени од истиот поради непочитување на правото на самоопределување!

Дополнителна поларизација и ширење штетни наративи се врши и со тоа што кога има вакви јавни настапи, нема осуда од други политички актери и повик за намалување на тензиите, а честопати се јавува и контрареакција од други политички актери со која се засилува поларизацијата, наместо да се настапи разумно и да се работи на деполаризација на јавниот дискурс. Носителите на јавни функции и лицата кои се кандидати за функции, кои ја бараат довербата од граѓаните за да управуваат со државата во нивно име треба да посветат должно внимание за начинот и содржината при нивната комуникација со јавноста. Етноцентризмот може да поттикне дополнителни поделби во општеството и создавање нетрпеливост меѓу заедниците, особено во држави како РС Македонија, каде меѓуетничките односи се кревки и потребно е постојано вложување од страна на политичарите за создавање инклузивно општество, како и намалување, а не зголемување на меѓуетничките тензии.

Еден таков пример е емитуваното интервју на Елвис Хоџа од Самоопределување, емитувано на Алсат М (интервју на Елвис Хоџа, 20 ноември 2023 Алсат-М ЛИНК), каде гостинот ги ословува Македонците како Славомакедонци, а Албанците, вели тој, треба бидат против РС Македонија, затоа што таа не се претставила како нивна држава:

> ***Албанците треба да бидат опозициски настроени, да бидат спротивставени кон оваа држава. Македонија не е држава на Албанците, таа никогаш не се претставила како таква. ДУИ е партија на режимот во Македонија, во која Албанците не постојат и во која тие не се творци на власта во Македонија.***

Пренесувањето на ваков говор во медиумите без оградување и јавна осуда во едно мултиетничко општество може да поттикне нетолеранција, да потхрани националистички или пак етноцентристички чувства на одредени заедници. Величањето на сопствената етничка заедница, наспроти другите (помалку вредни) заедници, има потенцијал да поттикне и насилни дејства и затоа мора да биде соодветно осуден. Иако медиумот и новинарот во овој конкретен случај не се тие кои креираат ваков наратив, сепак нивната улога е да обезбедат осуда и да се оградат, што тие не го направиле.

На македонската политичка сцена етноцентристичката реторика не е непозната, но нејзината честа употреба може да придонесе за развивање „политика на страв“ при што ќе се создаде нетолеранција или омраза кон одредена етничка група, која може и да се користи како „жртвено јагне“ за проблемите во општеството и да се создаде конструкт дека одредена група е опасната група за сопствената нација, односно етничка заедница. Кога етноцентристичкиот речник не се осудува, не се искоренува неговата употреба, тогаш по подолг период тој може да најде свое место во јавниот политички дискурс и со тоа да се овозможи ширење на штетни наративи и лоши комуникациски практики во јавната комуникација, како и поларизација и нетолеранција во општеството меѓу различните етнички групи.

12. ГОВОР НА ОМРАЗА И/ИЛИ ДИСКРИМИНАЦИСКИ ГОВОР

Говорот на омраза *е вербално насилен дискурс, којшто содржи омраза и понижување на соговорникот по различни основи, национален или родов шовинизам, ксенофобија, расизам, вулгарности, навреди*[36].

Во поново време, покрај сите претходни форми, говорот на омраза се упатува и кон мигранти и лица со имигрантско потекло. Тој е опасен во јавните сфери, на социјалните платформи, каде што дејствува потпалувачки и бргу наидува на поддржувачи, а ваквото

[36] Институт за комуникациски студии. (2023). Дигитален Речник на медиумската писменост. Преземено на 21 јануари 2025, од https://recnik.medium.edu.mk/

вербално насилство може да се преточи и во реалноста. Говорот на омраза се јавува и како говор на нетолеранција кај политичарите или кај политичките групи, што е исто така особено опасно затоа што се затскрива зад слободата на изразувањето и може да се преточи и во системски решенија на дискриминација кон поединци или групи.[37] Во некои случаи, говорот на омраза може да биде поттик или иницијална каписла за поединци или групи да извршат кривични дела од омраза.

Иако во литературата можат да се најдат потесни и пошироки толкувања, Комитетот на министри на Советот на Европа имплицитно го дефинира како термин кој ги опфаќа сите форми на изразување со кои се шири, поттикнува, промовира или оправдува расна омраза, ксенофобија, антисемитизам или други форми на омраза заснована на нетолеранција, вклучувајќи и: нетолеранција изразена во форма на агресивен национализам и етноцентризам, дискриминација и непријателство кон малцинства, мигранти и лица со имигрантско потекло[38]. Европскиот суд за човекови права во своите пресуди кои се однесуваат на говорот на омраза поаѓа од оваа дефиниција на говорот на омраза или неговото разбирање како говор кој ги опфаќа „сите форми на изразување кои шират, поттикнуваат, промовираат или оправдуваат омраза заснована на нетолеранција."

За говорот на омраза се предвидуваат санкции во многу земји, а подлежи и на ограничување на слободата на изразување, со цел да се превенира негово ширење како и евентуални кривични дела од омраза. Во РС Македонија говорот на омраза и ширење на материјали преку интернет кои промовираат или поттикнуваат омраза, дискриминација или насилство, против кое било лице или група, врз која било дискриминаторска основа се казниви дела. Со измените на Кривичниот законик од почетокот на 2014 година (Службен весник на РМ 27/14) се предвидени и казни затвор за лица кои ќе предизвикаат или разгорат омраза, раздор или нетрпеливост врз основа на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или која било друга основа предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор. Исто така предвидени се и казни затвор за лица кои шират расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем и други средства за јавно информирање.

Говорот на омраза на основа на политичка и/или етничка припадност е најчесто застапената форма во јавната комуникација на политичките актери опфатени во истражувањето „ШТЕТ-НА", иако е забележана ретка употреба.

[37] Институт за комуникациски студии. (2023). Дигитален Речник на медиумската писменост. Преземено на 21 јануари 2025, од https://recnik.medium.edu.mk/

[38] Препораката бр. R (97) 20 на Комитетот на Министри на Советот на Европа за „говор на омраза" http://www.coe.int/t/dghl/standardsetting/media/doc/cm/rec%281997%29020&expmem_EN.asp во Слобода на изразување и говор на омраза, 2013 https://www.osce.org/files/f/documents/e/8/116610.pdf

Една од акциите што ја спроведоа Левица беше оспорување на Упатството што го донесе министерот за правда Кренар Лога и измените во Законот за матична евиденција со кои се воведуваше графа за етничка припадност во изводите од матичните книги. Левица поднесе иницијатива до Уставниот суд на РС Македонија, по што Уставниот суд донесе времена мерка во изводите на родени, венчани и умрени да не се впишува националност, а потоа и конечна одлука – повеќе нема впишување на националност во изводите. По повод одлуката на Уставниот суд, Левица објави соопштение со наслов

Левица го победи балистот Кренар Лога: Укината е етничката графа во изводите и спречена е понатамошната сегрегација на државата. (официјална страница на Левица, 28 февруари 2024 ЛИНК)

Партијата се претставува како бранител на интересите на граѓаните која успеала да спречи „сегрегација" на државата. Во соопштението се вели дека „обидите за дезинтеграција на македонската нација и држава, преку сецесионизмот на т.н. „албански партии" кој го дозволуваат СДС и ДПМНЕ, со крајно десничарски и нацистички практики за сегрегација и поделба на општеството – со поткопување на концептот за една држава ЕДНА НАЦИЈА, се оди на редефинирање на државниот концепт преку апартхејдски политики. Левица одлучно се спротивставува на овие погубни процеси".

Притоа тогашниот министер за правда Кренар Лога е именуван како „балистот Лога". Дополнително се вели дека „Левица и Уставниот суд задаваат удар на етнотрибализмот, кој во недостиг на идеи за подобрување на животот на граѓаните и со цел разградување на македонското национално единство, го промовираат криминалните партии ДУИ, Беса и Алијанса на Албанците, а кои преќутно го поддржуваат антимакедонската СДС и лажните патриоти од ДПМНЕ."

Терминот „балист" во речникот на македонскиот јазик[39] е дефиниран како термин кој се користи за 'припадник на албанската националистичка организација, албански фашист', кој Левица го користи за министерот за правда Лога. Со неологизмот пак „етнотрибализам" се етикетираат политичките партии како ДУИ при што се деградира како политички ентитет кој практикува политика со која се предизвикуваат поделби и поларизација во општеството.

Избраните и именуваните функционери, како и претендентите за политички функции располагаат со државните ресурси по добиена доверба од граѓаните во изборен процес и потребно е да носат одлуки и да креираат политики во име на граѓаните, да избегнуваат да користат говор на омраза, затоа што тие создаваат модел на комуникација кој широката јавност може да го усвои и да го практикува. Говорот на омраза може да ги продлабочи општествените поделби, во веќе поларизирано општество како македонското, да поттикне непријателство меѓу различните групи и да ја поткопа социјалната кохезија.

[39] Официјален дигитален речник на македонскиот јазик. (н.д.). Балист. Македонски.гов.мк. Преземено на 25 јануари 2025, од https://makedonski.gov.mk

Јазикот насочен кон одредени заедници може да поттикне насилство и дискриминација, доведувајќи во ризик одредени, честопати маргинализирани заедници и да предизвика кривични дела од омраза.

Политичарите кои прибегнуваат кон говор на омраза може да ја изгубат довербата на јавноста, бидејќи на тој начин го поткопуваат сопствениот углед, кредибилитет и интегритет, а тоа може да предизвика и правен процес за одговорност. Говорот на омраза го задушува конструктивниот начин на комуникација со јавноста и оневозможува создавање на култура на дијалог, доверба и инклузивно општество. Политичарите се должни со своето однесување во јавноста да покажат пример на коректна, отворена и одговорна комуникација, да промовираат инклузивност и почит за да може да се креира поздрава политичка средина, а со тоа и похармонично и демократско општество.

13. МАНИПУЛАТИВНА ВИЗУЕЛНА МЕДИУМСКА СОДРЖИНА (МВМС)

Манипулативна визуелна медиумска содржина (МВМС) *е изменета или трансформирана визуелна содржина со цел да се создаде посакуван ефект, често вклучувајќи техники кои го менуваат визуелниот изглед.*[40]

Употребата на изменети фотографии/слики, видеа и аудиозаписи за да се измами/збуни јавноста или да се промовираат одредени наративи се смета за манипулативна визуелна медиумска содржина. Се разликува од сатирата и од пародијата, каде што намерно и отворено/јасно се исмеваат луѓе со фотошопирани фотографии/слики и додавани одредени елементи. При употребата на МВМС се користат постоечки аудиозаписи, фотографии или снимки кои се менуваат, монтираат и контекстуализираат во одредени ситуации за да се искористат за критика и дискредитирање на одредени лица или правни субјекти. Тие може да се креираат со дизајнерски програми, или пак да се искористат алатките на вештачката интелигенција. Со оглед на тоа дека секојдневно излегуваат сè повеќе напредни алатки со кои може да се менуваат или да се генерираат аудио, фото и видеосодржини, а вештачката интелигенција овозможува креирање на скоро совршени продукти, МВМС може да бидат ефикасна алатка за ширење штетни наративи од страна на политичките актери.

Истражувањето нотираше дека кај мониторираните политички актери во РС Македонија повремено се користеле МВМС со цел да се збуни јавноста, да се промовираат одредени наративи или пак да се поткопа довербата во политичките противници и со тоа да се влијае на мислењето на јавноста и на изборот што граѓаните ќе го направат во изборниот циклус. Исто така, се забележува дека МВМС ретко се користат самостојно, туку се придружени со некој друг наратив, во поддршка на некој политички став или да се дискредитира политичкиот противник.

Впечатлив пример на МВМС кој беше користен во предизборниот период се видеоисечоци кои ги пласираше главната опозициска партија ВМРО-ДПМНЕ, критички насочени кон тогашниот претседател на државата Стево Пендаровски, кој исто така беше и кандидат на претседателските избори во 2024 година. Видеоматеријалите беа производ на сечени и монтирани изјави од интервјуа и јавни настапи на Пендаровски, во врска со одредени ставови кои ги заземал за прашања од интерес на државата и народот, а при нивната објава свој критички став изразуваше ВМРО-ДПМНЕ.

[40] Fiveable. (н.д.). Image manipulation. Преземено на 25 јануари 2025, од https://library.fiveable.me/key-terms/cognitive-psychology/image-manipulation

ВМРО-ДПМНЕ објави видео (фејсбук-страница 2 март ЛИНК) во кое се вели дека

Пендаровски пред избори викаше дека ќе го слуша народот, за после да вели дека функционерот треба да му кажува на народот и не треба да го прашува електоратот.

Во видеото се монтирани изјава на Пендаровски од изборен митинг од кампањата во 2019 година каде вели „јас немам обичај да објаснувам, јас имам обичај да го слушам народот и од него сакам да слушам што понатаму треба да се прави.“ Во видеото се монтирани исечоци од негово телевизиско интервју во кое се извлечени пораки дека функционерот треба да му кажува на народот и не треба да го прашува електоратот, поврзани со изјава дека доколку власта го слушала народот за промената на името, таа немала да се случи. Во компилацијата, на почетокот на видеото оди текстот „Нема да водиме црна кампања против СДС и Пендаровски, туку изворно и доследно ќе ги посочуваме неговите изјави, јавноста може сама да суди.“ Во крајниот кајрон креиран од политичката партија стои: „ПРОЦЕНЕТЕ САМИ каква личност е Стево Пендаровски“. Компилацијата е пример за манипулативна аудио-визуелна содржина во која се применува пристрасно селектирање преку дадени нецелосни изјави со што се поткопува довербата во Пендаровски како политичар.

Целта на овие видеоматеријали беше да се покаже дека Пендаровски има неконзистентни и штетни ставови за државата при што самите материјали содржеа и штетни наративи како поткопување на довербата во институциите, напад на личноста, популизам, наводи за странско влијание, со што се покажува многукратната „корист“ што одредени политички актери можат да ја добијат од МАВМС како засебен вид на штетен наратив.

Со објавувањето и ширењето на манипулативните визуелни медиумски содржини се манипулира јавноста, при што се извртуваат фактите и се креира нејасна слика за тоа што е вистина, а што е лага. МВМС се штетни за јавниот дискурс затоа што со објавување и ширење на изменети фотографии, видеа, или аудиосодржини може да се шират погрешни информации, дезинформации или злонамерни информации, при што јавноста може да формира слика или заклучок за одредена политика, активности или ставови на политичките актери врз основа на манипулирани информации, а со тоа и заклучокот може да биде погрешен. Од друга страна доколку политичките актери често дистрибуираат МВМС во нивната јавна комуникација, а тие се потврдуваат дека се манипулативни содржини, јавноста може да ја изгуби довербата во одредени политички актери. Доколку пак содржините ги објавуваат медиумите, може да се поткопа и довербата во нив и со тоа да се стави под знак прашање нивниот кредибилитет.

Дополнително, МВМС може да придонесат за поларизирање на општеството затоа што некои од нив може да поттикнат силни емоции кај граѓаните, како и ширење на навредливи содржини во јавниот дискурс. Честата појава на МВМС може да го нормализира недемократското изразување во јавноста, користењето лажни вести, а исто така и да дефокусира од главните прашања кои треба да бидат предмет на демократска дебата. Во таа насока политичките актери, како и медиумите имаат обврска да не произведуваат МВМС, но и да го спречат нивното ширење, да ги идентификуваат и разобличат, а со тоа и да ѝ укажат на јавноста кога станува збор за манипулирани информации

14. ШИРЕЊЕ ПАНИКА, СТРАВ И НЕСИГУРНОСТ

Ширење паника, страв и несигурност *(анг. fearmongering) е активност преку која се шират различни приказни со намера да се исплашат или да се вознемират луѓето*[41].

Споделувањето искази со цел да се шири паника, страв и несигурност кај граѓаните за одредена политичка тема, општествено случување, влијание кое доаѓа однадвор, процеси кои почнуваат во самото општество или пак претставувањето на некој надворешен или внатрешен непријател не се нови тактики во политиката. Изборните процеси насекаде низ светот најчесто се повод да се активираат овие техники на комуникација со јавноста, при што ширењето на стравот е корисна техника за мобилизација на гласачкото тело за да се добие повисок одзив при гласање, како и поддршка за одредена политика.

Во македонската политика ширењето на страв, паника и несигурност кај населението не е нова појава во политичката реторика.

Во периодот на мониторингот од истражувањето нотирани се повеќе изјави од политичките актери во кои се шириле страв, паника и несигурност за стабилноста на државата. Ваквите штетни наративи беа посебно присутни во предизборниот и во изборниот период кога реториката на политичарите стана поостра и навредлива кон противниците.

Најголемата македонска владејачка партија СДСМ честопати шириле наратив дека доколку опозициската ВМРО-ДПМНЕ дојде на власт, општеството нема да напредува, ќе се изгуби перспективата за европска интеграција на државата, а со тоа ќе се изгубат и перспективите за економски развој. Едно од соопштенијата со ваков тип пораки е во деновите пред изборите, во кое партијата вели дека „со враќање на ВМРО-ДПМНЕ дозволуваме сигурна блокада на Македонија и внатрешни етнички тензии“, (официјална страница на СДСМ, 1 мај 2024 ЛИНК), а тогашниот лидер на СДСМ Димитар Ковачевски дека ништо не е променето во ВМРО-ДПМНЕ и со нивното доаѓање на власт би се вратил „режимот“ –

> ***Ако десничарска партија како ВМРО добие таква моќ, со сите државни ресурси на располагање, може да се соочиме со крајот на нашата европска перспектива. ВМРО ќе ја одложува евроинтеграцијата до недоглед како што тоа го правеше Груевски.***

Со ваков наратив се шири паника, страв и несигурност кај граѓаните за неизвесноста на нивната иднина, како и иднината на државата и нејзиното членство во Европската Унија.

[41] *Oxford Learner's Dictionaries.* (n.d.). *Fearmongering*. Преземено на 21 јануари 2025, од https://www.oxfordlearnersdictionaries.com/definition/english/fearmongering

Најголемата опозициска партија ВМРО-ДПМНЕ својата комуникациска агенда во предизборниот и изборниот период ја темелеше на пораки во кои таа е главниот заштитник на граѓаните и на страната на народот, дека државата треба да се врати назад кај народот, а доколку им се овозможи на СДСМ и ДУИ да победат државата ќе биде во опасност. Ваков тип објави се среќаваат и во објави на лидерот на партијата, како и на други високи партиски функционери.

При посетата на Швајцарија во предизборниот период и средбата со задграничните комитети и македонската дијаспора, кои се објавени од партијата, има синхронизација на пораки од лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Христијан Мицкоски и пратеникот и член на Извршниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ Драган Ковачки. Во една од објавите (фејсбук-профил 3 февруари 2024 ЛИНК) на лидерот на партијата Мицкоски се изнесува загриженост за тоа што

државата се одзема од народот, поради криминалот, ударите врз идентитетот, туѓите агенди и бришењето на македонизмот. Дека единствениот излез се промените до кои се доаѓа со заедништво, обединетост и силна посветеност за Македонија.

Текстот е придружен со фотографии од средбата на која се гледаат истакнати државното знаме, поранешното државно знаме со сонцето од Вергина и знамето на партијата.

Кај партискиот функционер Ковачки (официјална страница на ВМРО-ДПМНЕ, 4 февруари 2023 ЛИНК) се вели дека

заеднички ќе успееме да ја симнеме оваа ненародна власт којашто ја заробила Македонија и дека владејачките партии имаат еден заеднички интерес – кој повеќе ќе ја разграба Македонија.

Дополнително, се повикува дијаспората да дојде на гласање во РС Македонија,

да се обедини за македонската национална кауза затоа што ова е последен момент, тоа е последната генерација на македонски политичари коишто можат да ја спасат Македонија, затоа што ако останат овие истите на власт, сметајте дека ние држава нема да имаме.

Покрај популистичкиот дискурс кој се пренесува во овие изјави, тие содржат и наратив со кој се шири паника, страв и несигурност кај населението дека државата може да се дестабилизира.

ДУИ, кампањата ја водеше под пораката „Да за Европа, не за Русија!“, а пред изборите формираа коалиција во која вклучија неколку помали партии и настапија под името Европски фронт. Во текот на кампањата се шириле наратив дека има сили кои работат РС Македонија да не влезе во ЕУ, дека работат за поларизација на општеството по етничка линија, а на тој начин се овозможуваше да се разбуди национализмот кај етничките Албанци, за да се мобилизира гласачкото тело да излезе на избори. Своите пораки ДУИ во изборната кампања ги насочуваше претежно кон албанската опозиција, здружена во коалицијата Вреди. Но, покрај Вреди, ДУИ упатуваше пораки и кон ВМРО-ДПМНЕ, особено по зачестените изјави Мицкоски дека ВМРО-ДПМНЕ нема да влезе во коалиција со ДУИ, дека ДУИ е корумпирана партија и дека ѝ е време да замине во опозиција.

Во едно од соопштенијата на ДУИ (официјална страница на ДУИ, 7 април 2024 ЛИНК) се вели дека Вреди се во служба на проруската агенда, продолжува со напорите да ги подели Албанците преку лажни вести и клевети, секогаш во служба на ВМРО и на Левица; како и дека Изет Меџити и „другите деривати на Москва“ сакаат по секоја цена да ги претстават Албанците како криминален и корумпирачки фактор во РС Македонија.

Покрај албанската опозиција како главен политички противник на ДУИ, во изборната кампања ДУИ имаше и остра реторика кон ВМРО-ДПМНЕ и кон нејзиниот лидер Христијан Мицкоски, особено по неговите зачестени изјави дека ВМРО-ДПМНЕ нема да влезе во коалиција со ДУИ, дека ДУИ е корумпирана партија и дека ѝ е време да замине во опозиција. Во соопштение (интернет-страница 20 април ЛИНК) се вели дека лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Христијан Мицкоски и ВМРО-ДПМНЕ „јавно бараат и Македонија без Албанци. Тој дури отворено ги повикува сите Македонци да се обединат против Али Ахмети и ДУИ. Мицкоски на митингот во Кратово побара обединување на сите Македонци за Албанците да не добијат ниту еден пратеник во третата изборна единица... Ја повикуваме албанската опозиција да се вразуми и да не стане алатка на руската агенда што ја прокламира ВМРО“.

Политичките актери како и медиумите треба да бидат свесни дека слободата на изразувањето колку што е право и можност, истовремено со себе носи и етичка, политичка и законска одговорност. Притоа, изјавите на политичките актери, како и медиумското известување имаат „поинаква тежина“ од тие на обичните граѓани. Кога одреден политички актер дава изјави со наводи за сценарија на дестабилизација или надворешни и внатрешни непријатели, тогаш одговорноста е поголема затоа што граѓаните може да ги сфатат сериозно и навистина да се создаде мислење кај поширокатa јавност дека државата има сериозни предизвици.

15. ПОТТИКНУВАЊЕ ЕКСТРЕМЕН ПАТРИОТИЗАМ И НАЦИОНАЛИЗАМ

Екстремниот патриотизам *или „супер патриотизам“*[42] *е чувството дека поединецот ја сака сопствената држава повеќе од сè друго. „Национализмот е идеологија која ја нагласува лојалноста, посветеноста или верноста кон нацијата или нацијата држава и смета дека таквите обврски ги надминуваат другите индивидуални или групни интереси. во националната супериорност и слава“.*[43]

Национализмот е категорија која се поврзува со личното чувство на припадност и лојалност кон сопствената нација, но често може да премине и во фанатичност или како што политичката теорија го нарекува деструктивен или агресивен национализам. Политичката јавна комуникација којашто содржи наративи на екстремен патриотизам и национализам кај населението поттикнува чувства дека постои непријател од кој треба да се брани државата, емоции на гордост, како и потреба да се зајакне националната свест и да се заштити сопствената нација или држава, при што честопати нацијата се поистоветува со државата.

Националистичката реторика е речиси редовен придружник во комуникацијата на политичките актери во РС Македонија, особено што поголемите политички партии најчесто имаат една доминантна етничка заедница меѓу своите членови и поддржувачи (т.н. етнички национализам). Кај најголемите македонски и албански партии сè уште доминира етнополитиката како главен курс на политиката, односно политичките партии најчесто им се обраќаат само на гласачите Македонци или Албанци. Притоа големите македонски партии најчесто се обраќаат само на македонски јазик, додека пак албанските партии само на албански јазик, а кај вторите изборните платформи во најголем дел се насочени само за унапредување на статусот и правата на етничките Албанци во РС Македонија без поголема елаборација на ставови за другите општествени прашања како економскиот развој, социјалните политики, грижата за животната средина итн.

Ваквата реторика особено беше присутна во предизборниот период и за време на кампањата за претседателските и на парламентарните избори 2024 година. Скоро сите поголеми политички партии во изборите настапуваа со националните тези за одбрана на интересите на народот. ВМРО-ДПМНЕ главно ги обвинуваше СДСМ дека се недоволно патриоти, додека пак СДСМ тврдеше дека со ВМРО-ДПМНЕ РС Македонија ќе се врати во помрачни времиња. Кај албанските партии пак чести беа изјавите да се истакне која партија, односно политички актер придонела повеќе за унапредување на правата на Албанците во РС Македонија, а која партија или албански политичар им служеле на интересите на македонските политичари, а со тоа и да се даде критика на одредена македонска партија.

[42] Cambridge Dictionary. (н.д.). Super-patriotism. Преземено на 21 јануари 2025, од https://dictionary.cambridge.org/dictionary/english/super-patriotism

[43] Encyclopaedia Britannica. (н.д.). Nationalism. Преземено на 10 јануари 2025, од https://www.britannica.com/topic/nationalism

Во јавниот настап на Кренар Лога, тогашниот министер за правда и секретар на огранокот од политичката партија Алијанса за Албанците предводена од Зијадин Села, во интервју за ТВ Шења (фејсбук-профил на 23 февруари 2024 ЛИНК), има штетни наративи од повеќе видови, меѓу кои и националистички дискурс. Меѓу другото, тој изнесува критики дека институциите и политичките актери во РС Македонија кои се дел од македонската заедница работат против албанската заедница и добрите меѓуетнички релации. Во интервјуто меѓу неговите изјави забележителни се коментари како „Македонците го бојкотираат премиерот“ (се однесува за техничкиот премиер Талат Џафери, кој ја предводеше преодната влада за организирање на изборите во 2024 година) дека Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ) е „колевка на србизмот“, а дека

Претседателот на МАНУ кој зборува против балансерот и за враќање на унитарната држава е татко на вмровец од Унија на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ

Исто така во интервјуто вели и дека „македонската олигархија и длабоката држава македонска го имаат зафатено судскиот систем“, а дека

македонскиот супернационализам е камуфлиран со европски изглед, со европска облека сакаат да ги расформираат инструментите што ни овозможуваат права

и дека „изборите на 8 мај ќе бидат почеток на вистинскиот судир помеѓу Македонците и Албанците“.

Специфичен дискурс се јавува кај високиот функционер на ДУИ Артан Груби, кој беше истовремено и висок владин функционер. Неговата комуникација кон јавноста иако генерално ја следи линијата на ДУИ, честопати промовира и свој личен стил кој е повеќе провокативен и остар, со цинизам и ирониja, придонесувајќи кон поголема поларизација во општеството.

Во една од објавите (фејсбук-профил, 20 април 2024 ЛИНК) во која Артан Груби повикува на присуство на митингот на ДУИ на 21 април, се обвинува албанската опозиција дека не реагирала на изјавите на Мицкоски, ВМРО-ДПМНЕ и Левица затоа што не се осмелуваат бидејќи им рекле:

> ***Молчи, глас да не ви слушам! Македонија само на Македонците, на ВМРО и Левица, може вреди за ВРЕДИ, но не ја преминува линијата на Фронтот, фронтот за еднаквост, фронтот за интеграција, Европскиот фронт. Излези на плоштад, земи ги со себе сите што ги знаеш, покани ги сите, нека ечи песната на Шкурте и Илир[44] заедно со нашите гласови од сред Скопје во ушите на оние кои не сакаат да ја слушнат заедно со нивните платеници во „албанската“ опозиција. Недела, 21 април, 20:00 часот, Плоштад Македонија, Скопје.***

Со ваков дискурс со кој се велича сопствената етничка припадност, ДУИ се промовира како бранител на интересите на Албанците, како поголем борец за правата и статусот на Албанците во РС Македонија, отколку албанската опозиција која ја критикува исто како што ја критикува и ВМРО-ДПМНЕ дека не се политички партии кои се грижат за добросостојбата на Албанците, се придонесува кон ширење на потпалувачки говор и поларизација во општеството и зајакнување на националистичкиот пристап во политиката.

На вториот канал на јавниот сервис, МТВ 2 е емитувана изјава на Бујар Османи, тогашниот министер за надворешни работи и кандидат за претседател на државата од ДУИ, во која се содржат елементи на национализам:

> ***ВМРО-ДПМНЕ и нивните сојузници секој ден повторуваат националистички тези, кокетираат со пруски струи, отворено – се заканууваат на славната војна во 2001 година, поттикнуваат тензии меѓу етничките и верските заедници во државата.***

[44] Илир Шаќири е пеач на патриотски песни од Косово. Песната „Земав збор“ е многу популарна албанска песна во РС Македонија, Косово, Албанија и се пее на многу прослави, државни празници и е како втора химна кај Албанците, а особено се слуша и се пее кога игра фудбал Албанија.

Изјави во кои политичките актери даваат квалификации за нивните политички противници за национализам потребно е да бидат поткрепени со аргументи, со цел да се придонесе јавноста да го разбере политичкиот контекст и штетноста на наративот, наместо замена на тези. Тие мора да бидат многу внимателни со изјавите во кои ги допираат националните сентименти во едно мултиетничко општество, затоа што таквиот дискурс може да произведе сериозни последици. Дополнително, медиумите, како посредници меѓу политичките актери и јавноста, имаат одговорност да обезбедат точна и урамнотежена комуникација. Тие не смеат да придонесуваат кон ширење на штетен политички дискурс, а доколку го пренесуваат, потребно е да ја објаснат неговата штетност и да посочат кои начела на политичката комуникација се прекршуваат. Притоа, сите новинари треба да го почитуваат Кодексот на етика, водејќи се од принципите на професионалност, објективност и одговорност кон јавноста.

Во мултиетничко општество како РС Македонија, позната е практиката на политичките актери да се служат со националистичка реторика, која лесно може да поттикне мобилизација на граѓаните за протест за одредена кауза или гласачите за одредена политичка опција. Често на јавноста ѝ се сервира екстремен патриотизам и национализам во комбинација со популизам што може да придонесе кон поголема поделба во општеството и наместо унапредување на јавната комуникација, да се нормализира говор што предизвикува нетрпеливост.

Политичките актери, оние кои се на функции и оние кои претендираат да стапат на функција потребно е да бидат модел на промовирање на култура на толеранција и соживот меѓу различните заедници, наместо со своите изјави да придонесуваат за разгорување на меѓуетничка нетрпеливост и нормализација на штетниот политички дискурс во јавната комуникација.

16. ПОПУЛИЗАМ

Популизам *е политичка филозофија која ги застапува или се обидува да прикаже дека ги застапува интересите на обичниот човек*[45].

Популизмот е лесен за употреба, затоа што е „комуникациска рамка насочена кон народот, се идентификува со него и се претставува дека зборува во негово име... вид основна рамка во која може да се пакуваат најразлични теми“[46].

Политичката комуникација е одредена од намерите за влијание на политичката околина, затоа што клучниот фактор кој ја прави комуникацијата „политичка“ не е изворот на пораката, туку нејзината содржина и намена[47]. Ефективната комуникација на политичките актери кои носат одлуки во име на граѓаните, како и на оние кои претендираат да ги водат институциите, се посебно важни во време на криза, во време на избори или за време на клучни стратегиски процеси за државата. Во такви моменти полесно се согледуваат

[45] Институт за комуникациски студии. (2023). Дигитален *Речник на медиумската писменост*. Преземено на 21 јануари 2025, од https://recnik.medium.edu.mk/

[46] Jagers, J., & Walgrave, S. (2016). Populism as political communication style: An empirical study of political parties' discourse in Belgium. во T. Aalberg, F. Esser, C. Reinemann, J. Strömbäck, & C. H. de Vreese (Eds.), *Populist political communication in Europe* (p. 13). Routledge. https://doi.org/10.4324/9781315623016

[47] McNair, B. (2017). *An introduction to political communication* (6th ed.). Routledge. https://doi.org/10.4324/9781315750293

намерите, капацитетите, грижата за јавниот интерес и грижата за граѓаните. Практиката ни покажува дека политичките актери многу почесто комуницираат информации кои може да се сметаат за популистички, како и информации за кои јавноста има голем интерес, а не секогаш тие се и информации кои се од јавен интерес кој опфаќа „права и обврски на поединците и заедницата кон државата, како и обврските на државните институции за заштита и унапредување на одредените права содржани во правото (устав, закони, подзаконски акти, меѓународни договори итн.)“[48]. Во таа насока, иако од политичарите се очекува да објавуваат точни и проверени информации, да комуницираат политики, ставови и информации кои се во полза на јавниот интерес, искуството покажува дека популизмот е во подем.

Истражувањето покажа дека популизмот значително е присутен во изјавите на политичките актери во РС Македонија. Популизмот беше детектиран речиси кај сите партии, особено кај поголемите. Клучната карактеристика е дека особено социјалните и економските теми, но и темите за корупција беа експлоатирани за градење популистички наратив. Тука политичките протагонисти се претставуваат како блиски до народот, ги разбираат неговите проблеми, наспроти „другите“ кои припаѓаат на елитата и на криминогените структури што се грижат само за сопствените интереси.

Според владејачките партии СДСМ и ДУИ, тие ја носат државата во вистински правец, кон европска иднина на РС Македонија. СДСМ се промовира како сојузник и спасител на граѓаните, додека за ВМРО-ДПМНЕ смета дека е „антиевропска“, „антидемократска“, „анти-ЕУ“, „блокатор на европските интеграции“, но без образложение зошто е европската опција, а опоненти не, со што само се шири популистички дискурс.

Пример во кој се користи социјална тема – изградба на социјални станови кои се градат од државни средства, т.е. од јавниот буџет финансиран од сите граѓани, тогашната владејачка партија ја користи за собирање политички поени. Партијата објавува соопштение (официјална страница на СДСМ 19 ноември 2023 ЛИНК) во кое наместо информација и образложение за преземени мерки и политики, фокусот е дека се гради најголемата зграда со 312 станови во Општина Бутел. Се додава и дека

За СДСМ сите се важни, грижата за сите е важна. Ако се направи споредба со времето на ДПМНЕ, вредноста на оваа зграда од 10 милиони евра е еднаква на 4 лава – споменици од Скопје 2014. Тоа е суштинска разлика помеѓу СДСМ и ДПМНЕ. СДСМ се грижи за подобар живот на граѓаните, ДПМНЕ за спомениците. СДСМ не сади палми и жални врби во Вардар, туку вложува во потребите на граѓаните.

[48] Гоцевски, Д., & Илиевска, Ф. (2015). *Деконструирање на концептот на јавен интерес во Република Македонија: (зло)употреба во име на граѓаните.* Скопје: Институт за комуникациски студии..

Соопштенија во кои само се објавуваат одредени бројки за позитивни резултати за работењето на одредени политички актери служат за сопствена промоција и за полнење на информативниот простор, без да се даде дополнителен квалитет во медиумското известување за одредена тема од работата на владата или клучните политички актери.

Во популистичките објави на СДСМ вообичаено партијата се поставува на страната на народот, дека нивната политичка опција ѝ носи стабилност и развој на државата, за разлика од политичките противници. Популистичките изјави често се среќаваат кај повеќе функционери од СДСМ, како од претседателот на партијата така и од функционери во Владата, пратеници или кандидати за јавни функции.

Тогашната министерка за култура Бисера Костадиновска-Стојчевска во објава на својот службен фејсбук-профил дава коментар на изјава на тогашниот лидер на ВМРО-ДПМНЕ Христијан Мицкоски, за можни коалиции со повеќе партии меѓу кои не е исклучена и Левица. Во објавата таа ги ословува Левица и ВМРО-ДПМНЕ како потенцијални коалициски партнери кои споделуваат исти вредности и „од партнер на демократскиот свет, на САД и ЕУ“ тие

сакаат да ја вратат државата во времето кога беше изолирана и заробена. Тоа ќе донесе економска неизвесност, назадување и блокади. Граѓаните не сакаат антиевропски политичари. Граѓаните сакаат политичари кои работат за сигурна иднина, поголеми плати, подобар животен стандард, за младите својата иднина да ја градат во европска држава, дома, во својата татковина.
(фејсбук-објава на Бисера Костадиновска-Стојчевска 26 ноември 2023, ЛИНК).

Кај ВМРО-ДПМНЕ во популистичкиот дискурс покрај општите флоскули на политичките актери дека работат за интересите на народот, за добросостојбата на сите и целото општество, се забележува и патриотски тон, во кој партијата се јавува и како бранител на националниот идентитет. Дополнително, Владата се претставува дека не работи за граѓаните и се промовира идеологијата на ВМРО-ДПМНЕ како подобра од таа на политичките противници – СДСМ.

Пример на популистички дискурс е пораката на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Христијан Мицкоски упатена до граѓаните пред изборниот молк за вториот круг од претседателските избори (фејсбук-објава, 6 мај 2024, ЛИНК). Под наслов „ПОРАКА ДО СЕКОЈ ЕДЕН ГРАЃАНИН НА МАКЕДОНИЈА“ ВМРО-ДПМНЕ ја промовира својата понуда, а ги критикува политичките противници. Во текстот се вели дека

> ***„се обврзуваме и даваме збор дека нема да ве изневериме“; „патот ќе биде тежок, но нема пречка што заедно нема да можеме да ја надминеме.“***

Исто така, популистички се вели дека

> ***стоиме на прагот на новото поглавје во приказната на нашата нација, да го искористиме овој момент со храброст и одлучност, и со гордо крената глава да ги победиме заедно!***

Пораката е популистички дискурс, каде не се презентираат конкретно чекори како ќе се постигнат промените, како ќе се направи подобра средина за развој на општеството и граѓаните, туку се користат општи политички флоскули со ветување за добросостојба и грижа за граѓаните, со критика на политичкиот противник. Вообичаен популистички пристап каде се користи реторика што може „еластично“ да опфаќа мноштво од теми, без конкретно да се објаснуваат одлуки, политики или политички чекори. Наспроти тоа, популистичкиот дискурс што се среќава кај политичката партија Левица е вообичаено во дихотомијата на наводна работничка класа наспроти елитизмот.

При промоцијата на професорката Билјана Ванковска за претседателски кандидат на Левица (официјална страница, 7 февруари 2024, ЛИНК) се вели дека

> ***Левица им фрла ракавица во лице на буржоаските партии и влегува #ВоБорба на претседателските избори! Во овој историски час, за кандидат за претседател ја предлагаме Билјана ВАНКОВСКА, еминентен левичар кој цела своја професионална кариера е во одбрана на македонската државотворност.***

Текстот содржи популистички изрази, со кои Левица се поставува како партија која работи за државниот интерес наспроти другите политички партии и дека тие се претставниците на „народот“ – работничката класа, како и дека целта е „Македонија да им ја земеме на елитите“ и да се врати таму каде што припаѓа „во рацете на народот!“, односно Левица, следејќи ја левичарската идеологија, се претставува како партија која не е дел од политичките елити, туку е заедно со народот.

Кај албанските партии пак популистичкиот говор е застапен во рамки на тоа кој повеќе работи за интересите на Албанците во РС Македонија. На пример, партиите од албанската опозиција своите изјави ги насочуваат кон ДУИ, притоа Вреди се промовира како проевропската коалиција. Ваквите изјави се особено чести откако од почетокот на 2024 година веќе дојде до здружување на партиите од албанската опозиција како контратежа на главната албанска владејачка партија ДУИ и сè поизвесен нивен заеднички настап. Па така тие ги користеа сите јавни настапи и настани за промоција на нивната агенда.

Во една од изјавите на Вреди дадена на прес-конференција (фејсбук-објава, 23 февруари 2023 ЛИНК) се вели дека ДУИ лажно тврди дека се за ЕУ и против руското влијание. ДУИ се претставуваат како елитистичка и корумпирана структура, за разлика од Вреди при што се вели дека

> ***граѓаните секој ден сè повеќе се приклучуваат на вистинската проевропска коалиција, се приклучуваат на опозициската коалиција која ВРЕДИ (ВЛЕН). Затоа Арбен Таравари убедливо ќе победи како кандидат за претседател, бидејќи граѓаните знаат кој ВРЕДИ (ВЛЕН)! На 8 мај каменот што се обидувате да го фрлите на другите ќе ви падне на глава и на 9 мај земјата ќе се ослободи од Русија, додека проевропскиот и проамериканскиот дух ќе триумфира, бидејќи само така ВРЕДИ (ВЛЕН)!***

Во сличен дух е и примерот од објава на Алтернатива (фејсбук-објава, 11 февруари 2024, ЛИНК) од промоција на коалициското здружување со кратка порака – цитат и фотографија од лидерот Африм Гаши која е објавена и на неговиот и на профилот на партијата

> ***Од вечерва нашата политичка битка стана уште појасна. Прашањето на изборите на 8 мај ќе биде: „Дали сте со Вучиќ на Србија и Али Ахмети или сте со здружената албанска опозиција – Европски сојуз за промени и Албин Курти?“. Не може да биде почисто од тоа. Исто така и полесно за да се одлучи.***

Популизмот спаѓа во еден од најлесните штетни наративи за употреба затоа што рецептот се состои во комуницирање на пораки кои би биле привлечни за електоратот. Пораките се површни, без да се елаборира како одредена мерка или политика се спроведува, туку акцентот да се става на колку одредена политичка опција или актери се грижат за народот. Тој може да биде придружен со други штетни наративи кои го засилуваат неговото дејство, а со тоа се создава замаглена слика кај јавноста за тоа кои се главните ставови на политичките актери. На тој начин на граѓаните им се ограничува можноста да формираат целосна и вистинита слика за општествените случувања и политичката понуда, а со тоа и да направат искрен избор при практикување на своето демократско право, а тоа е правото на глас.

СОГЛЕДУВАЊА

НАРУШУВАЊА НА ЕТИЧКИТЕ СТАНДАРДИ НА ПОЛИТИЧКАТА КОМУНИКАЦИЈА

Интернетот и новите дигитални медиуми овозможуваат инстант достапност на информациите, непосредност во информирањето и зголемување на транспарентноста на политичките партии и институциите, но истовремено придонесуваат за динамично ширење и комуницирање на штетните наративи, Онлајн просторот е мошне плодна почва за пренесување на штетните наративи кои ги креираат политичките актери, создавајќи одреден вид на политичка култура која влијае негативно на демократските процеси во општеството.

Политичките актери имаат посебна одговорност кога комуницираат со јавноста со оглед на тоа што нивните пораки ги одразуваат вредностите кои ги застапуваат, политиките за кои се залагаат и одлуките кои ги носат во име на граѓаните. Кога политичките актери истовремено настапуваат од позиција на власт, нивните јавни настапи се одраз на државната политика која се води и начинот на кој тие управуваат со нејзините ресурси во име на граѓаните.

Како основа за утврдување на штетните наративи пропагирани од политичките актери, истражувањето „ШТЕТ-НА“ се водеше од повеќе документи со коишто се утврдуваат стандардите и начелата за недискриминирачка и транспарентна политичка комуникација, вклучувајќи ги:

- Заедничка декларација за слобода на изразување и избори во дигиталната ера од 2020 година издадена од ОБСЕ;
- Заедничка декларација за политичарите и јавните службеници и слободата на изразување од 2021 година, издадена од ОБСЕ;
- Зајакнат кодекс на практика за дезинформации од 2022 година, издаден од Европската Унија;
- Препорака CM/Rec(2022)16 на Комитетот на министри до земјите-членки (Совет на Европа) издадена од Советот на Европа;
- Етички кодекс за јавни службеници на Владата на РМ;
- Кодекс за однесување на функционерите и членовите на СДСМ[1].

Истражувањето утврди неколку најчести прекршувања на стандардите и начелата на одговорна и етичка комуникација, при што најчесто користени штетни наративи кои ги користеле политичките актери биле поткопување на довербата, пристрасно селектирање, напади на лична основа, популизам и поттикнување поделби.

НАРУШУВАЊЕ НА НАЧЕЛОТО ЗА КОМУНИКАЦИЈА ВО ПОДДРШКА НА ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС

При употребата на штетни наративи за да се поткопа довербата во институциите политичките актери најчесто изнесуваат наводи за политичките противници за корумпираност, нетранспарентност, кои не се поткрепени со факти и аргументи. Со тоа може да се наведе јавноста до погрешни заклучоци и да се поткопа легитимноста на демократските институции, медиумите или јавните службеници, што е од суштинско значење за функционална демократија. Губењето на довербата во институциите и системот се рефлектира со апатија, незаинтересираност на граѓаните да бидат дел од промените во општеството, демотивираност за излезност на избори, но и јавна перцепција дека сите политичари се исти и граѓаните не можат да очекуваат позитивни промени во општеството.

Во едно општество кога на граѓаните често им се сервираат информации за коруптивно, незаконско и нетранспарентно работење на политичките актери, без тие наводи да бидат соодветно поткрепени со факти и аргументи, се создава негативна слика за ефикасноста на институциите и намалување на довербата дека институциите се функционални. Постојаната изложеност на информации во кои се комуницираат негативни вести за состојбите во општеството, работата на институциите, политичарите кои ја водат државата и за оние кои претендираат да ја водат може да се придонесе кон општо чувство на несигурност кај населението.

ШИРЕЊЕ ДЕЗИНФОРМАЦИИ И СЕЛЕКТИВНИ ИНФОРМАЦИИ ВО ЈАВНОСТА

Пристрасното селектирање е нотирано како честа појава во изјавите на политичките актери со тоа се изнесуваат податоци за некој настан со што се чини дека потврдуваат една позиција, додека се игнорираат други податоци што ја побиваат таа позиција. На тој начин може јавноста да се наведе на погрешни заклучоци затоа што политичките актери избираат кои податоци ќе ги прикажат и не може да се формира целосна слика за дејствата кои се случиле или пак за ставовите кои ги имаат политичарите.

При пристрасното селектирање, доколку одредени политички актери изнесуваат критики за противниците, на пример, за застапување на националните интереси, незаконско и коруптивно работење, начинот на кој се трошат парите од буџетот, трошоците кои ги прават функционерите, парите кои се исплаќаат за субвенции во земјоделството, привилегиите на функционерите, а без притоа да се презентираат факти и аргументи да ги поткрепат наводите за противзаконитоста, свесно кај граѓаните се предизвикува несигурност и недоверба.

Политичарите се обврзани да почитуваат одредени стандарди во јавната комуникација и да бидат транспарентни и достапни за медиумите. Треба да го застапуваат јавниот интерес во комуникацијата и да не бидат извор на дезинформации и непроверени информации. Политичките актери не смеат да користат говор на омраза или дискриминациски говор и да ја почитуваат и да ја чуваат слободата на говор. Начинот на кој политичките актери комуницираат го изразува идентитетот на групата на која ѝ припаѓаат и публиката кон која се обраќаат.

НАВРЕДЛИВ ГОВОР, НАПАДИ НА ЛИЧНОСТА И ДЕМОНИЗИРАЊЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПРОТИВНИЦИ ВО ЈАВНОСТА

Јазикот што го користат политичките актери ја одразува нивната политичка култура, начинот на кој тие го гледаат општеството, нивниот идентитет, ставовите и политиките кои ги застапуваат и културата на однесување што ја промовираат во јавноста. Кога политичките актери користат напади на личноста и демонизирање на политичките противници, може да придонесат кон понатамошна поларизација на општеството, да се предизвикаат силни негативни емоции, како и да се девалвира политичкиот систем со тоа што граѓаните може да ја гледаат политиката само како мегдан за лична одмазда отколку конструктивен дијалог.

Со често користење штетни наративи кои содржат елементи на дискриминација, напади на личноста или поделби се придонесува кон нормализација на атмосферата на нетолеранција и намалување на просторот за отворен и конструктивен јавен дијалог. Ваквиот недоличен говор, кој има потенцијал да влијае и на социјалната кохезија во општеството, ги уништува сите напори на поединци, групи и граѓански иницијативи да работат заедно кон заедничка цел – создавање инклузивно, здраво, демократско општество.

КОРИСТЕЊЕ ПОПУЛИСТИЧКИ ГОВОР ВО ЈАВНАТА КОМУНИКАЦИЈА

Популистичкиот дискурс често се нотира во реториката на политичките актери со тоа што тие се претставуваат себеси како најдобрата опција за граѓаните. Различните политички партии користат различна тема преку која можат најдобро да се промовираат дека се на страната на народот и се најдобрата опција за нив.

Користењето популистичката реторика може да придонесе за ограничена јавна дебата во општеството, каде темите нема да се дискутираат со факти и аргументи, туку со емоции и површни тврдења. Популизмот може да поттикне отфрлање на стручните мислења, научни факти и критичко размислување кои би се презентирале дека не се во допир со потребите на граѓаните, елитистички, апстрактни и нереални. Иако на краток рок популизмот може да биде ефективен, затоа што комуницира со граѓаните директно и во име на народот, на долг рок може да придонесе за намалување на квалитетот на јавниот дискурс и дефицит во демократскиот развој.

ШИРЕЊЕ ГОВОР НА ОМРАЗА И ДИСКРИМИНАЦИСКИ ГОВОР

Реториката на поделби и етикетирање на политичките противници на „ние – доброто“ наспроти „вие – лошото“ може да има пошироко влијание во општеството. Користењето штетни наративи во кои со леснотија се напаѓаат политичките противници може да придонесе кон продлабочување на општествените поделби, спротивставувајќи ги групите на политички поддржувачи, гласачите или заедниците, едни против други. Кога лицата кои имаат значително влијание врз формирањето на јавното мислење, како политичките актери, користат ваков дискурс, а без притоа тој да биде критикуван, осуден или санкциониран, се испраќа порака до поширокота јавност дека нападот врз одредени индивидуи и групи, ширењето говор на омраза и дискриминациски говор се општествено прифатливи.

Пораките на поделба придонесуваат кон зајакнување на поларизацијата во општеството, нормализирање на штетна политичка комуникација, а може да придонесат и кон недоверба и зголемена нетолеранција меѓу различните заедници во општеството, со што дополнително ја отежнуваат можноста за конструктивен дијалог и креирање демократски амбиент во општеството.

НАРУШУВАЊЕ НА НОВИНАРСКИТЕ ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

Во процесот на мониторинг и утврдување на штетните наративи, како и на прекршувањата и непочитувањето на професионалните новинарски стандарди како основа беа земени важечките прописи со кои се предвидува работата на медиумите и се гарантира слободата на изразување. Исто така, од аспект на почитување на професионалните новинарски стандарди и начела, основна референца беа кодексите на еснафските здруженија и новинарските прирачници:

– Кодексот на новинарите на Македонија на Здружението на новинари на Македонија;
– Насоките за етичко известување на онлајн медиумите (Примена на Кодексот на новинарите во онлајн сферата) на Советот на етика на медиумите во Македонија;
– Вредностите, професионалните стандарди и практики наведени во Прирачникот за јавен интерес во новинарството на Институтот за комуникациски студии;
– Прирачникот за новинари и уредници Препознај и спречи: новинарски алатки за справување со дезинформации на Институтот за комуникациски студии.

При процесот на анализа беше важно да се утврди начинот на кој новинарите ги обработуваат темите, дали обезбедуваат контекст, балансирани перспективи и дали вршат проверка на исказите пред објавување.

Особено внимание беше посветено на идентификување на случаи каде што медиумите, и покрај формалното следење на правилата, како на пример обезбедување простор за сите политички чинители предвидено во Изборниот законик, сепак биле важна алка во ширењето штетни наративи преку некритичко пренесување изјави или со исклучување гласови кои би можеле да понудат различна перспектива, а со тоа потенцијално и да се наруши политичкиот плурализам во известувањето. Во таквите случаи, немањето професионален новинарски пристап многу често резултира со поткопување на јавниот интерес и необјективно информирање.

НЕКРИТИЧКО ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ОБВИНУВАЊА И НЕЦЕЛОСНИ И НЕПОТВРДЕНИ ИНФОРМАЦИИ

Најголем дел од штетните наративи кои беа регистрирани при мониторингот на ТВ-станиците и онлајн медиумите се произлезени од политичките актери, а новинарите, најчесто ги пренеле овие наративи без каква било интервенција или без заземање страна, освен во ретки случаи кога новинарот го пренел штетниот наратив со одобрување или осуда.

Ова укажува дека новинарите често ја преземаат улогата само на пасивни пренесувачи на информации, наместо активни посредници кои ги анализираат и критички ги преиспитуваат изјавите на политичките актери. Според првиот член на Кодексот на новинарите на Македонија, „[...] Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно[49]“.

[49] Здружение на новинарите на Македонија. (2001). *Кодекс на новинарите на Македонија*. Преземено на 18 ноември 2024, од https://znm.org.mk/kodeks-na-novinarite-na-makedonija/

Мониторингот покажа дека има примери кога медиумите применувале пристап познат како „тој рече, таа рече“, пренесувајќи ги партиските изјави и обвинувања на начин на кој се кажани и на тој начин сметале дека ги запазиле стандардите на објективност и балансираност, отстапувајќи рамноправен простор на сите чинители.

За жал оваа практика води до површно известување, кое само привидно ги задоволува критериумите за објективност и балансираност. Со пренесување на изјавите без анализа или проверка на фактите, медиумите ризикуваат да ја легитимизираат пропагандата, популизмот и манипулациите. Ваквиот некритички пристап ги остава граѓаните без потребниот контекст и без разбирање на сложеноста на темите, што влијае на нивната информираност. Наместо вистинска објективност, се добива неутралност која не ги отсликува реалните односи на моќ и вистинската слика.

Главната должност на новинарот, како што посочува и првата точка од Глобалната повелба за етика на новинарите на Меѓународната федерација на новинари, е да ги „почитува фактите и правото на јавноста да ја дознае вистината[50]“. Во тој процес, како што наведува и воведот на оваа Повелба, одговорноста која ја има новинарот кон јавноста е многу поголема од одговорноста кон властите или работодавците. За да стигне вистината до граѓаните и да се постигне вистинска објективност и балансираност, новинарите треба да преземат активна улога во проверка на фактите, да ги разоткриваат манипулативните наративи и да обезбедуваат контекст кој ќе ѝ овозможи на јавноста да ги согледа информациите од повеќе аспекти. Доколку информацијата не може да се потврди или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави.

НЕКРИТИЧКО ПРЕНЕСУВАЊЕ ИЗЈАВИ СО КОИШТО СЕ ШИРИ ПАНИКА И СТРАВ И СЕ ПОТКОПУВА ДОВЕРБАТА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ

Има примери кога медиумите некритички ги пренесувале и изјавите на политичките чинители и во ситуации кога имале цел да предизвикаат страв и паника, а притоа и да влијаат на довербата на граѓаните во институциите. Преку ваквите наративи кои потенцираат поделби на „наши“ и „ваши“ се поттикнувале поделби и раздор, како и афект на постојана опасност од губење на државата, закани од надворешни влијанија, уништување на националното ткиво или напуштање на европската агенда.

Во наелектризирана политичка атмосфера како што се изборите, медиумите мора да бидат многу внимателни како ќе ги пренесуваат политичките изјави, да избегнуваат сензационализми и лажен екслузивитет, но и да бидат свесни дека изборот на зборовите, терминологијата и врамувањето на настаните влијае на состојбите во општеството и се рефлектира кај граѓаните. Ова е особено важно кога политичките изјави имаат потенцијал да предизвикаат нетрпеливост, говор на омраза или да поттикнат поделби меѓу различни општествени групи. Одговорноста на медиумите е да обезбедат објективно, балансирано и етичко известување кое нема да ги зајакнува предрасудите или да поттикнува дискриминација.

Ова го истакнува и Глобалната повелба за етика на новинарите на Меѓународната федерација на новинари каде стои дека „Новинарите преку споделувањето на информации или мислења нема да придонесат за ширење омраза или предрасуди и ќе направат сè што е во нивна моќ за да избегнат ширење на дискриминацијата по основ на географско,

[50] International Federation of Journalists (IFJ). (n.d.). Global Charter of Ethics for Journalists. Преземено на 18 ноември 2024, од https://www.ifj.org/fileadmin/user_upload/Global_Charter_of_Ethics_EN.pdf

социјално или етничко потекло, раса, пол, сексуална ориентација, јазик, религија, попреченост, политички и други основи[51].“

Исто така, во Насоките за етичко известување на онлајн медиумите се посочува дека медиумите при известувањето за меѓусебните обвинувања на политичките субјекти ќе се обидуваат да известуваат објективно и непристрасно, но и дека „ќе избегнуваат и самите да користат потпалувачка реторика и обвинувања[52].“

ЕКСТРЕМНО ТЕНДЕНЦИОЗЕН ДИСКУРС И НАГЛАСЕНО НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Известувањето од политичките процеси, а посебно од изборите треба да биде непристрасно и избалансирано, а „новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти[53].“ За жал, ваквата професионална дистанца не е секогаш случај. Додека во некои случаи пристрасното известување е лесно препознатливо поради нагласениот тендециозен пристап, во други тоа се прикрива преку начинот на кој се врамуваат прилозите, изборот на изворите и соговорниците и низа слични пракси кои суптилно влијаат врз јавноста и креираат искривена слика за политичките процеси. Овие практики не само што ја поткопуваат довербата во медиумите туку и ја загрозуваат демократијата со манипулирање на јавното мислење.

Ваквата улога на новинарот е спротивна со новинарските стандарди и се коси со принципите на професионалност, непристрасност и балансираност. „Сите новинари имаат свои лични мислења, но за да овозможат сеопфатно и професионално покривање на вестите и на тековните настани, мора да се издигнат над своите лични гледишта“, стои во Етичките и професионални принципи на МРТ за медиумското покривање на изборните процеси.[54] Според овие принципи објавени од Јавниот сервис во 2016 година, мошне е значајно да се воспостави урамнотеженост во известувањето, односно да се внимава програмите да не бидат „во полза или ниту против која било партија, коалиција или кандидат. Урамнотеженост треба да се постигне и во квалитативна и во квантитативна смисла.[55]“

Медиумското известување за програмите на партиите или за дебатите меѓу кандидатите „треба да биде на начин што ќе им овозможи на граѓаните да направат споредба и самите да извлечат заклучоци врз основа на тоа,[56]“ се нагласува во Прирачникот за етичко известување од избори.

---

[51] International Federation of Journalists (IFJ). (n.d.). Global Charter of Ethics for Journalists. Преземено на 18 ноември 2024, од https://www.ifj.org/fileadmin/user_upload/Global_Charter_of_Ethics_EN.pdf

[52] Совет на етика на медиумите во Македонија. (2021). Насоки за етичко известување на онлајн медиумите (Примена на Кодексот на новинарите во онлајн сферата). Преземено на 29 ноември 2024

[53] Здружение на новинарите на Македонија. (2001). *Кодекс на новинарите на Македонија*. Преземено на 18 ноември 2024, од https://znm.org.mk/kodeks-na-novinarite-na-makedonija/

[54] Македонска радио-телевизија. (н.д.). *Етички и професионални принципи на МРТ за медиумско покривање изборни процеси.* Преземено на 29 ноември 2024, од https://semm.mk/wp-content/uploads/2014/10/Eticki-kodeks-na-MTV1.pdf

[55] Македонска радио-телевизија. (н.д.). *Етички и професионални принципи на МРТ за медиумско покривање изборни процеси.* Преземено на 29 ноември 2024, од https://semm.mk/wp-content/uploads/2014/10/Eticki-kodeks-na-MTV1.pdf

[56] Тунева, М., Чадиковски, М., Бислими, Н., Јаневска, Е. (2020). Прирачник за етичко известување од избори. Скопје: Здружение на новинарите на Македонија. Преземено на 29 ноември 2024, од https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2021/04/prirachnik-za-etichko-izvestuvane-od-izbori-vo-severna-makedonija.pdf

УПОТРЕБА НА НЕПРИКЛАДЕН РЕЧНИК, НАВРЕДИ И ДЕМОНИЗАЦИЈА НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПРОТИВНИЦИ

Навредите и демонизацијата кон политичките опоненти беа една од спецификите на овие политички избори. Многу сериозни теми, значајни за граѓаните и за општеството, наместо низ вистинска дебата, се водеа преку навреди и политички обвинувања. Овој пристап, базиран на навреди и демонизација, не само што ги поткопува основните демократски принципи туку создава и атмосфера на нетрпеливост која може да ја намали довербата на јавноста во политичкиот процес.

Слободата на говор е сечие право, вклучително и на политичарите и на јавните личности, а новинарот треба да обезбеди нивен пристап до медиумскиот простор. Но, ваквото право во ниеден случај не смее да значи слободна дозвола за непристоен говор, навреди и демонизација. Ако веќе политичките актери заборавиле на принципите на коректна и пристојна политичка комуникација, професионалното новинарство има задача да интервенира, да го осуди ваквиот наратив и да го предизвика.

Улогата на новинарот во вакви ситуации е од суштинско значење за зачувување на демократските принципи и јавниот интерес. Кога политичките изјави се непримерни или содржат навреди, одговорност на новинарите е да ги пренесат во контекст, да ги анализираат и деконструираат, со цел јавноста да добие информација, но и да ја разбере штетноста на ваквиот дијалог.

Во вакви случаи, медиумите имаат двојна задача: да го почитуваат правото на слободен говор, но и да спречат ширење на говор на омраза, вулгаризми и непристојност. Ова е особено важно за време на изборните кампањи, кога јавната доверба во институциите е на тест. Професионалното новинарство мора да го препознае потенцијалот за ескалација на политичката реторика и да преземе активна улога во осудувањето на ваквиот вид наратив.

ПРЕПОРАКИ ЗА ПОЛИТИЧКИТЕ АКТЕРИ

01

Политичарите треба да придонесуваат кон здрава и конструктивна политичка средина на дијалог во интерес на општеството во целина.

Штетните наративи во политичката комуникација создаваат токсична јавна сфера и придонесуваат кон продлабочување на поделбите и нетолеранција. Демократска обврска е политичарите да работат на деполаризирање на јавниот дискурс, комплексните прашања за развој на државата не се решаваат преку изборот на „ние – доброто“ наспроти „вие – лошото“, тоа само дополнително влијае на поделба меѓу граѓаните, гласачите. Нужна е дискусија, дијалог на политичките противници.

Политичките актери е потребно да се вклучуваат во дискусии, да целат кон дијалог со политичките противници, наместо да придонесуваат кон поголеми поделби со што ќе поттикнуваат продуктивни дискусии. Тие се должни да не шират говор на омраза и дискриминациски говор и да не се служат со манипулации, дезинформации, неточни информации и злонамерни информации, ширење лаги, напад врз личности, што може да резултира со намалување на довербата во изборниот процес и во институциите[57].

02

Политичарите имаат одговорност да бидат транспарентни во комуникацијата со јавноста, навремено, точно и јасно да ја информираат за својата работа и со тоа да придонесат кон спречувањето на ширењето на дезинформации.

Штетните наративи во кои отсуствува транспарентноста и презентираните докази за поткрепа на изнесените наводи ја ограничуваат конструктивната јавна дебата. Токсичната реторика ги поклопува клучните прашања и оневозможува во општеството да се отвори дијалог за тоа како да се најдат одговори за клучните прашања од јавен интерес.

Во таа насока политичките актери имаат обврска да го почитуваат начелото на транспарентност[58]. Политичарите имаат висока одговорност кон општеството поради функциите кои ги извршуваат со доверба дадена од граѓаните и се должни да одржуваат високо ниво на транспарентност пред јавноста и медиумите за прашања што се од јавен интерес. Транспарентноста се смета за еден од важните предуслови во борбата против

[57] Институт за комуникациски студии. (2023). Стандарди и начела за политичката комуникација. ШТЕТ-НА. Преземено на 10 февруари 2025, од https://respublica.edu.mk/istrazhuvanje-shtetna/shtetni-narativi-i-indikatori/standardi-i-nachela-za-politichkata-komunikacija/

[58] Институт за комуникациски студии. (2023). Стандарди и начела за политичката комуникација. ШТЕТ-НА. Преземено на 10 февруари 2025, од https://respublica.edu.mk/istrazhuvanje-shtetna/shtetni-narativi-i-indikatori/standardi-i-nachela-za-politichkata-komunikacija/

корупцијата. Политичките субјекти се должни во својата работа да практикуваат активна транспарентност и да објавуваат разни материјали што се од интерес за јавноста.

Употребата на штетни наративи, посебно во услови кога се изнесуваат наводи за незаконско и корумпирано работење, а без притоа да се изнесат факти и податоци или пак да се поднесат кривични пријави до надлежните институции, ја прават политичката комуникација површна и сензационалистичка, наместо суштинска. Затоа и политичките актери е потребно да придонесуваат кон унапредување на квалитетот на јавниот дискурс во едно демократско општество и да овозможат гласачите да имаат пристап до информации за клучните прашања од јавен интерес.

03

Политичарите имаат одговорност преку комуникацијата со јавноста да ја почитуваат и да ја практикуваат слободата на изразување како право и обврска.

Кога политичарите користат штетни наративи за да го одвлечат вниманието на јавноста, тие избегнуваат да дадат одговор на вистинските прашања од јавен интерес. Додека кога тие се одговорни кон јавноста, односно комуницираат со искреност и интегритет, тие можат да создадат слика пред јавноста како кредибилни политички актери кои ќе ја добијат довербата на јавноста.

Политичарите мораат посебно да ја почитуваат и да ја практикуваат слободата на изразување без повреда на правата на другите, затоа што начинот на кој тие комуницираат во јавноста ја создава основата за тоа каква политичка култура ќе се создаде во општеството. Политичарите мора да бидат отворени за критиката на јавноста, како и критиката од политичките противници, но притоа да комуницираат одговорно кога враќаат на нападите или пак изнесуваат информации за нивните опоненти тие да бидат точни, поткрепени со факти и аргументи, без да го повредуваат дигнитетот и интегритетот на другата личност.

Исто така, политичките актери се должни да ѝ овозможат на јавноста да ѝ бидат достапни значајните документи и податоци, како статут, структура на партија, начин на одлучување, финансиски извештаи и други релевантни документи за нивната работа со што ќе покажат одговорност кон јавноста за своето работење.

04

Избраните и именуваните функционери, како и партиските функционери имаат обврска во комуникацијата со јавноста и со медиумите да практикуваат етична комуникација.

Политичарите имаат одговорност во својата комуникација кон јавноста да го почитуваат начелото на етичка комуникација[59]. Политичките партии се охрабруваат да донесат

[59] Институт за комуникациски студии. (2023). Стандарди и начела за политичката комуникација. ШТЕТ-НА. Преземено на 10 февруари 2025, од https://respublica.edu.mk/istrazhuvanje-shtetna/shtetni-narativi-i-indikatori/standardi-i-nachela-za-politichkata-komunikacija/

кодекси за однесување, кои, покрај другото, нивните членови, функционери, кандидати и избрани и именувани лица ги обврзуваат да се справат со говорот што поттикнува нетолеранција, дискриминација или омраза. Исто така, тие се повикуваат при своите прес-конференции да ги третираат учесниците со почит, да практикуваат еднаков третман при поставувањето прашања и да се воздржат од етикетирање на медиумските работници и активистите за човекови права[60].

Кога настапуваат во својство на владини претставници, политичките актери се должни да го почитуваат начелото на професионалност и непристрасност во комуникацијата.[61] Политичарите кои се избрани и именувани функционери, покрај тоа што имаат пристап до своите партиски канали за комуникација, имаат пристап и до официјалните канали за комуникација на институциите со коишто раководат. Во таа насока, тие треба да ги користат владините комуникациски канали за информирање за владините политики, одлуки и мерки, со цел да се обезбеди јасна дистинкција помеѓу работата на институциите и политичките партии, односно да нема злоупотреба на владините комуникациски канали за промоција на партиските цели. Покрај тоа, избраните и именуваните функционери имаат пристап и до јавните службеници одговорни за комуникација во тие институции. Така, службениците треба да бидат непристрасни, да ја задржат објективноста и да ги стават обврските од службата пред личните интереси.

05

Политичките актери треба да ги користат социјалните медиуми како алатка за политичка дебата која ќе се одликува со искреност, навременост, концизност и креативност, наместо дисеминација на штетни наративи.

Социјалните медиуми се ефикасна алатка за политичка комуникација и може да бидат ефективно искористени од страна на политичките актери за непосредна комуникација со најразлични групи на публики. Но, исто така социјалните медиуми може да се претворат во мегдан за ширење штетни наративи, навреди и напади кон политичките противници, па и одредени заедници во општеството, со оглед на масивниот број корисници. Во таа смисла политичарите е потребно да практикуваат учтива, граѓанска комуникација, дури и кога се соочуваат со критики, да избегнуваат потпалувачки говор, особено што тие имаат поддржувачи кои лесно може да бидат подведени на токсична реторика на комуницирање.

Политичарите е потребно да ги користат социјалните медиуми и за да го дознаат мислењето на јавноста, а не само да промовираат информации за нивната работа и нивните ставови. Тие можат да ги користат овие платформи за да се вклучат со своите гласачи, да бараат повратни информации и да разберат различни перспективи, а со тоа и да ја покажат посветеноста да работат за граѓаните чија доверба ја бараат како гласачи во изборните процеси.

---

[60] ОБСЕ. (2021). Заедничка декларација за политичарите и јавните службеници и слободата на изразување. Преземено на 10 јануари 2025, од https://www.osce.org/files/f/documents/9/4/501697_0.pdf

[61] Институт за комуникациски студии. (2023). Стандарди и начела за политичката комуникација. ШТЕТ-НА. Преземено на 10 февруари 2025, од https://respublica.edu.mk/istrazhuvanje-shtetna/shtetni-narativi-i-indikatori/standardi-i-nachela-za-politichkata-komunikacija/

06

Политичките актери не треба да ги користат изборните процеси како алатка за напади на личноста.

Нападите на личноста најчесто содржат навреди кон одредена личност, напад на карактерот или пак демонизирање на политичкиот противник во изборната кампања, наместо да се фокусираат на одредено прашање, односно став или политика кои ги застапуваат опонентите. Во ерата на поствистина каде комуникацијата е значително обременета со емоции, многу е лесно за политичките актери да го добијат вниманието на јавноста доколку се служат со навреди на лична основа или ако изнесат негативни страни за личноста на политичкиот противник, отколку да изнесат мислења поткрепени со факти и аргументи.

Кога политичарите се служат со ваква тактика, тие прават дефокусирање од клучните прашања со што се шират штетни наративи и се оневозможува да има квалитетен јавен дискурс. Доколку на ваквиот дискурс, наместо осуда, или се толерира или се враќа со иста мера од опонентите, се креира токсична атмосфера, каде граѓаните како гласачи не дознаваат за политичката понуда во изборниот процес, туку се сведоци на личните анимозитети на политичарите. На тој начин се создава ризик граѓаните да се одвраќаат од политичко учество, да паѓа довербата во политичарите, а изборниот процес да се гледа како површен натпревар на личности, а не и на понуда на политики и одлуки.

Политичките актери имаат одговорност да не се служат со напади на личноста, да не креираат токсична атмосфера и да го почитуваат начелото на етична комуникација и начелото на неширење говор на омраза и дискриминациски говор[62].

Политичките актери се клучни чинители во општествениот живот кои со своето однесување влијаат на огромен број граѓани и затоа во интерес на јавното добро е политичарите да не придонесуваат кон токсична и поларизирана политичка дебата, кон негативно однесување на јавните личности, туку кон конструктивна дебата. Дополнително што, политичарите кои се служат со напади на личноста може да го нарушат и својот кредибилитет како лидери од кои граѓаните очекуваат решенија во интерес на државата а со тоа и граѓаните како гласачи може да ја намалат својата доверба во политичарите.

07

Политичките актери во време на изборни циклуси треба да се воздржат од комуникација која потпалува етноцентризам, национализам и екстремен патриотизам.

Изборните циклуси вообичаено се период на зголемен емотивен набој во јавната комуникација од речиси сите политички актери учесници во процесот. Во РС Македонија

[62] Институт за комуникациски студии. (2023). *Стандарди и начела за политичката комуникација.* ШТЕТ-НА. Преземено на 10 февруари 2025, од https://respublica.edu.mk/istrazhuvanje-shtetna/shtetni-narativi-i-indikatori/standardi-i-nachela-za-politichkata-komunikacija/

искуството покажува дека во време на избори (т.е. предизборен период, изборна кампања), реториката која ја користат политичарите честопати може да е збогатена со етноцентризам и национализам со што се придонесува кон вжештена и поларизирана политичка дебата.

Дискурсот во кој се среќава етноцентризам, национализам или екстремен патриотизам може да доведе до поделба меѓу различните етнички заедници, но исто така и меѓу различните политички групи, а некогаш и во рамки на една етничка заедница. Повиците за „враќање“, „заштита“, „задржување“ на националното ткиво, единство, обвинување на политичките противници за „слугување“ на туѓи интереси или пак величање на сопствената нација или политичкиот лидер како лидер на етничка заедница, може да биде потпалувачки говор со кој ќе се создава непријателство, раздор и нетрпеливост меѓу различните заедници.

Изборните процеси се сензитивен период кога политичките актери се дополнително под лупа на јавноста и со поголем интерес се следат нивните постапки и изјави. Доколку тие често се служат со етноцентристички и националистички дискурс во изборниот циклус, може да се стекнат со популарност која ќе биде краткорочна, но доколку како избрани функционери го практикуваат тој дискурс, може да придонесат до поделба во општеството, особено во мултикултурно и мултиетничко општество.

Политичките актери е пожелно да ги комуницираат својата политичка понуда, ставови кои ги застапуваат за прашањата од јавен интерес и подобрување на состојбите во општеството, решенијата кои ќе ги донесат за подобар живот на граѓаните. Потребно е да се воздржуваат од идентитетска политика со која ќе предизвикаат поделби и отуѓување на различните групи, наместо интеграција кон која треба да цели одговорната политика и која треба да биде фокусирана на прашања како иновации, инклузија или пак економски развој во општество во кое се вреднува мирот, демократијата и човековите права.

ПРЕПОРАКИ ЗА МЕДИУМИТЕ И ЗА НОВИНАРИТЕ

01

Новинарот не треба да создава или пренесува штетни наративи.

Новинарите имаат одговорност кон јавноста која вклучува и обврска да избегнуваат креирање штетни наративи, но и ширење на штетните наративи кои ги произведуваат политичките актери.

Ваквата пракса има сериозни последици врз политичката култура и врз начинот на кој се формира и се развива јавниот дискурс. Јавен дискурс во кој доминираат штетните наративи има долгорочни последици врз демократијата, а постепеното нормализирање на штетните наративи во политиката остава трага врз демократските процеси и ги нормализира навредите, нетолеранцијата, говорот на омраза, лагите, манипулациите и злонамерните информации.

Новинарите мора да се спротивставуваат на штетните наративи преку одговорно новинарство што ќе го става јавниот интерес на прво место. Ова подразбира одбегнување секаков вид навреди, дезинформации, некултурен говор, популизам, национализам и слично, но подразбира и критичко преиспитување на изјавите на политичките актери и одбивање да се пренесуваат содржини кои содржат штетни наративи и поттикнуваат нетолеранција и поделби.

02

Новинарот има улога не само да ги пренесува изјавите на политичките актери туку да ги провери, анализира и да ги објасни во дадениот контекст за да ја доближи вистината до граѓанинот.

Новинарите не смеат да бидат пасивни пренесувачи на информациите, туку активни посредници кои ги анализираат и критички ги преиспитуваат изјавите на политичките актери. Притоа, тие треба да се раководат од Кодексот на новинарите на Македонија кој уште во првиот член ја потенцира важноста информациите да се проверат и потврдат „[...] Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно[63]“.

[63] Здружение на новинарите на Македонија. (2001). *Кодекс на новинарите на Македонија*. Преземено на 18 ноември 2024, од https://znm.org.mk/kodeks-na-novinarite-na-makedonija/

Дополнително, во Насоките за етичко известување на онлајн медиумите исто така се посочува дека „онлајн медиумите, при пренесувањето тврдења на политички субјекти или други извори, ќе настојуваат секогаш кога е тоа можно да ги проверат тие тврдења, односно да не бидат само пренесувачи на 'сервирани факти' од некој друг. Со тоа на публиката ќе ѝ овозможат да прави разлика меѓу фактите и шпекулациите или дезинформациите, особено кога станува збор за важни и актуелни случувања и теми."[64]

03

Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти.

Известувањето од политичките процеси, а посебно од изборите треба да биде непристрасно и избалансирано, а „новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти[65]." Оваа обврска не е само прашање на етичка одговорност туку и клучен предуслов за градење доверба кај јавноста.

Улогата на професионалниот новинар е да ги постави важните прашања и да ги провери информациите и тврдењата. Новинарот не треба да биде посредник на политичката пропаганда, туку критички набљудувач кој ќе обезбеди јавноста да има јасна и прецизна слика за случувањата.

Важно е да се нагласи дека задачата на новинарот не е да гради контрапозиции или да влегува во јавни полемики, туку да ги преиспита и да ги контекстуализира тврдењата на сите кои се дел од јавниот дијалог. Преку ваквиот пристап се штити јавниот интерес и се придонесува за информирано и рационално донесување одлуки од страна на граѓаните.

Критичкиот пристап кон сите појави и политички актери во општеството претставува темел на непристрасното и балансирано новинарство. Само преку постојана посветеност на објективноста и интегритетот, новинарите можат да ја задржат својата улога како чувари на демократијата.

04

Новинарот во своето известување треба да избегнува сензационализам и лажен ексклузивитет.

Новинарите мора да бидат свесни дека изборот на зборовите, терминологијата и врамувањето на настаните влијае на состојбите во општеството и се рефлектира кај граѓаните. Ова е особено

[64] Совет на етика на медиумите во Македонија. (2021). *Насоки за етичко известување на онлајн медиумите (Примена на Кодексот на новинарите во онлајн сферата).* Преземено на 29 ноември 2024, од

[65] Здружение на новинарите на Македонија. (2001). *Кодекс на новинарите на Македонија.* Преземено на 18 ноември 2024, од https://znm.org.mk/kodeks-na-novinarite-na-makedonija/

важно кога се известува за сензитивни теми, но и кога се пренесуваат политички изјави кои имаат цел да предизвикаат страв и паника, а со тоа да влијаат врз довербата на граѓаните во институциите. „Новинарите преку споделувањето на информации или мислења нема да придонесат за ширење омраза или предрасуди и ќе направат сè што е во нивна моќ за да избегнат ширење на дискриминацијата по основ на географско, социјално или етничко потекло, раса, пол, сексуална ориентација, јазик, религија, попреченост, политички и други основи.[66]“

Новинарите имаат двојна улога. Освен обврската да избегнуваат користење на потпалувачка реторика и сензационализми во своето известување, исто така треба внимателно да ги анализираат изјавите на политичките актери и да внимаваат нивното пренесување да не придонесе за поттикнување тензии, страв или поделби во општеството. Ова подразбира внимателна проверка на контекстот, отстранување на преувеличувања и фокусирање на суштината на информациите, наместо на емоционалната или конфронтативната димензија. На тој начин медиумите ја имаат улогата на фактор на стабилност и објективност, наместо катализатор на поделби и конфликти.

05

Новинарот не треба да употребува непристоен говор, навреди и вулгаризми.

Новинарот е должен „да ја негува културата на говорот и етиката. Неспојливо со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста.[67]“ Овој член е дополнет во Насоките за етичко известување на онлајн медиумите, според кој новинарите треба да избегнуваат користење непристоен или вулгарен јазик (пцовки, погрдни зборови, омаловажувачки изрази). Употребата на вулгарен или непристоен јазик, се вели во Насоките, мора да биде уреднички оправдана од аспект на јавниот интерес и очекувањата на публиката, без разлика на новинарскиот жанр во кој се користи.[68]

06

Новинарот не смее да употребува *потпалувачки говор насочен кон различни, етнички, религиозни, сексуални групи и заедници.*

Кодексот на новинарите на Македонија во членот 10 мошне јасно наведува дека новинарот „нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство

[66] International Federation of Journalists (IFJ). (n.d.). *Global Charter of Ethics for Journalists*. Преземено на 18 ноември 2024, од https://www.ifj.org/fileadmin/user_upload/Global_Charter_of_Ethics_EN.pdf

[67] Здружение на новинарите на Македонија. (2001). *Кодекс на новинарите на Македонија*. Преземено на 18 ноември 2024, од https://znm.org.mk/kodeks-na-novinarite-na-makedonija/

[68] Совет на етика на медиумите во Македонија. (2021). *Насоки за етичко известување на онлајн медиумите (Примена на Кодексот на новинарите во онлајн сферата)*. Преземено на 29 ноември 2024

и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...).[69]“

Покрај ова, мошне е важно новинарите да го препознаат, анализираат и осудат ваквиот говор кога тој доаѓа од политичките актери. Потпалувачкиот говор насочен кон одредени заедници или групи, кои најчесто не се дел од мнозинството, отворено произведува дискурс на нетолеранција/стигматизација и лесно може да поттикне насилна мобилизација.

07

Новинарот мора да прави јасна дистинкција меѓу фактите и мислењата

Особено за време на известувањето од изборите, новинарот мора да прави јасна дистинкција меѓу фактите и мислењата. „Водителите и новинарите не смеат да изразуваат свои политички гледишта и мислења во вестите. Медиумите може да наведат различни извори на информации и потоа да ги проверат фактите за тоа што било кажано и да разобличат лажни тврдења преку наведување аргументи. Тоа значи дека треба да се избегне пристрасност во прилог на или против која било страна.[70]“

Ваквиот принцип е принцип на професионално и инклузивно известување при што се нуди широка перспектива на граѓанинот и се овозможуваат фер услови за сите политички актери да ги пренесат своите гледишта.

[69] Здружение на новинарите на Македонија. (2001). *Кодекс на новинарите на Македонија*. Преземено на 18 ноември 2024, од https://znm.org.mk/kodeks-na-novinarite-na-makedonija/

[70] Тунева, М., Чадиковски, М., Бислими, Н., Јаневска, Е. (2020). *Прирачник за етичко известување од избори. Скопје:* Здружение на новинарите на Македонија. Преземено на 29 ноември 2024, од https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2021/04/prirachnik-za-etichko-izvestuvane-od-izbori-vo-severna-makedonija.pdf

ЛИТЕРАТУРА:

1. Aalberg, T., Esser, F., Reinemann, C., Strömbäck, J., & de Vreese, C. (Eds.). (2016). *Populist political communication in Europe*. Routledge. https://doi.org/10.4324/9781315623016
2. Amnesty International. (2017). *Politics of Demonization: Breeding Division and Fear*. https://www.amnesty.org/en/latest/press-release/2017/02/amnesty-international-annual-report-201617/
3. Arnaudo, D., Bradshaw, S., Ooi, H. H., Schwalbe, K., Studdart, A., Zakem, V., & Zink, A. (2020). *Combating information manipulation: A playbook for elections and beyond*. National Democratic Institute. https://www.ndi.org/sites/default/files/InfoManip%20Playbook%20updated%20FINAL.pdf
4. Council of Europe. (1997). *Recommendation CM/Rec(97)20 of the Committee of Ministers to member States on combating hate speech*. https://www.coe.int/en/web/freedom-expression/committee-of-ministers-adopted-texts/-/asset_publisher/aDXmrol0vvsU/content/recommendation-no-r-97-20-of-the-committee-of-ministers-to-member-states-on-hate-speech-
5. Council of Europe. (2019). *Elements for a Council of Europe Definition of Sexism*. https://rm.coe.int/168093b676
6. European Commission. (2024). *Report on the rule of law in North Macedonia 2024*. https://commission.europa.eu/document/download/e7197a43-7f00-4eac-b02d-818ac71345f0_en?filename=61_1_58090_coun_chap_northmacedonia_nm.pdf
7. European Court of Human Rights. (2020). *Freedom of Expression and Hate Speech*. https://www.echr.coe.int/Documents/FS_Hate_speech_ENG.pdf
8. Bressanelli, E., Inglese, G., Di Palma, A., Marini, S., & Repetto, E. (2020). *Institutions and foreign interferences* [Study]. European Parliament. https://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/STUD/2020/655290/IPOL_STU(2020)655290_EN.pdf
9. Гоцевски, Д., & Илиевска, Ф. (2015). *Деконструирање на концептот на јавен интерес во Република Македонија: (зло)употреба во име на граѓаните*. Скопје: Институт за комуникациски студии.
10. Han, B.-C. (2022). *Infocracy*. Polity.
11. Институт за комуникациски студии. (2023). Дигитален *Речник на медиумската писменост*. https://recnik.medium.edu.mk/
12. International Federation of Journalists (IFJ). (n.d.). *Global Charter of Ethics for Journalists*. https://www.ifj.org/fileadmin/user_upload/Global_Charter_of_Ethics_EN.pdf

13. Jagers, J., & Walgrave, S. (2016). *Populism as political communication style: An empirical study of political parties' discourse in Belgium.* In T. Aalberg, F. Esser, C. Reinemann, J. Strömbäck, & C. H. de Vreese (Eds.), *Populist political communication in Europe* (p. 13). Routledge. https://doi.org/10.4324/9781315623016

14. Jamieson, K. H. (2016). *Fear: A Powerful Motivator in Elections.* Oxford University Press.

15. Jaradat, I., Zhang, H., & Li, C. (2024). *On Detecting Cherry-picking in News Coverage Using Large Language Models.* arXiv. https://arxiv.org/abs/2401.05650

16. Kant, I. (1993). *The Metaphysics of Morals.* Izdavačka knižarnica Zorana Stojanovića.

17. Knight Foundation. (2018). *Indicators of news media trust*. https://knightfoundation.org/reports/indicators-of-news-media-trust/

18. Levin, S. A., Milner, H. V., & Perrings, C. (2021). *The Dynamics of Political Polarization. Proceedings of the National Academy of Sciences, 118*(50), e2116950118. https://doi.org/10.1073/pnas.2116950118

19. Lewandowsky, S., Ecker, U. K. H., & Cook, J. (2017). *The Conspiracy Theory Handbook*. https://www.climatechangecommunication.org/conspiracy-theory-handbook

20. Machiavelli, N. (2005). *The Prince* (P. Bondanella, Trans.). Oxford University Press.

21. Македонска радио-телевизија. (н.д.). *Етички и професионални принципи на МРТ за медиумско покривање изборни процеси*. https://semm.mk/wp-content/uploads/2014/10/Eticki-kodeks-na-MTV1.pdf

22. McNair, B. (2017). *An introduction to political communication* (6th ed.). Routledge. https://doi.org/10.4324/9781315750293

23. Mihajlova, E., Bačovska, J., & Šekerđiev, T. (2013). *Sloboda na izrazuvanje i govor na omraza*. OSCE.

24. Mols, F., & Jetten, J. (2016). *The Power of Ideas: A Political Social-Psychological Theory of Democracy, Political Development and Political Communication.* Cambridge University Press.

25. Mudde, C. (2017). *What is Populism?* University of Pennsylvania Press.

26. OECD. (2017). *Trust and Public Policy: How Better Governance Can Help Rebuild Public Trust.* OECD Publishing. https://www.oecd.org/content/dam/oecd/en/publications/reports/2017/03/trust-and-public-policy_g1g74ea6/9789264268920-en.pdf

27. Sumner, W. G. (1906). *Folkways: A Study of the Sociological Importance of Usages, Manners, Customs, Mores, and Morals.* Ginn and Co.

28. Svensen, L. H. (2024). *Filozofija laži.* Geopolitika.

29. Совет на етика на медиумите во Македонија. (2021). *Насоки за етичко известување на онлајн медиумите*.

30. Тунева, М., Чадиковски, М., Бислими, Н., Јаневска, Е. (2020). *Прирачник за етичко известување од избори*. https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2021/04/prirachnik-za-etichko-izvestuvane-od-izbori-vo-severna-makedonija.pdf

31. UNESCO. (2018). *Journalism, 'Fake News' & Disinformation.* https://en.unesco.org/fightfakenews

32. United Nations High Commissioner for Refugees (UNHCR). (2020). Guidance on racism and xenophobia. https://www.unhcr.org/media/unhcr-guidance-racism-and-xenophobia

33. United Nations Special Rapporteur on Contemporary Forms of Racism, Racial Discrimination, Xenophobia and Related Intolerance. (2016). *Report to the UN Human Rights Council on xenophobia (A/HRC/32/50, 13 May 2016)*. https://undocs.org/A/HRC/32/50

34. University of South Florida. (n.d.). *What is foreign influence?* Compliance & Ethics. https://www.usf.edu/compliance-ethics/foreign-influence/resources/what-is-fi.aspx

35. Wardle, C., & Derakhshan, H. (2017). *Information Disorder: Toward an interdisciplinary framework for research and policymaking*. Council of Europ.

36. Здружение на новинарите на Македонија. (2001). *Кодекс на новинарите на Македонија*. Преземено на 18 ноември 2024, од https://znm.org.mk/kodeks-na-novinarite-na-makedonija/

37. Hardy, B. (1968). Towards a poetics of fiction: An approach through narrative. Novel: A Forum on Fiction, 2(1), 5–14.

Институт за комуникациски студии

НЕ ВЕРУВАЈ ПРОВЕРУВАЈ! #користифакти

www.iks.edu.mk
info@iks.edu.mk

British Embassy Skopje

UK International Development
Partnership | Progress | Prosperity

Ова истражување е спроведено во рамки на проектот „Употреба на новинарство засновано на факти за подигање на свеста и спротивставување на дезинформациите во медиумскиот простор во Северна Македонија“ финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

Институт за комуникациски студии

НЕ ВЕРУВАЈ ПРОВЕРУВАЈ! #користифакти